ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ОПАСНОСТ
**МАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ НА СИНИОТ ШТИТ**

ASSOCIATION FOR PROTECTION OF CULTURAL HERITAGE AT RISK
**MACEDONIAN NATIONAL COMMITTEE OF THE BLUE SHIELD**

# е – ШТИТ

***Електронско списание за културното наследство***

# e – SHIELD

***an Electronic Journal for the Cultural Heritage***

**ISSN 1857-9086**
**www.sinstit.org.mk**
**www.blueshield.org.mk**

Број 2 / 2015
Vol. 2 / 2015

**Финансиски поддржано од Министерство за култура на Р. Македонија**

**Издавач:**
МНК СИН ШТИТ - Здружение за заштита на културното наследство во опасност

**За издавачот:**
Даворин Трпески
Претседател на МНК Син штит

**Главен и одговорен уредник:**
Даворин Трпески

**Секретар:**
Оливера Џартовска Тачевска

**Редакциски одбор:**
Доц. д-р Даворин Трпески
Проф. д-р Крсте Богоески
Д-р Лазар Шуманов
Захаринка Алексоска – Бачева
Јован Ристов

**Меѓународен уредувачки одбор:**
Проф. д-р Љилјана Гавриловиќ, Србија
Проф. д-р Питер Стоун, Обединето кралство
Проф. д-р Фридрих Т. Шипер, Австрија
Проф. д-р Јорис Кила, Холандија
Карл фон Хабзбург, Австрија

**Лектура:**
М-р Александар Јорданоски

**Коректура:**
Даворин Трпески

**Превод:**
КОНТИНЕО - јазични услуги

**Компјутерска обработка:**
Даворин Трпески

**Контакт:**
МНК СИН ШТИТ
УКИМ – Природно-математички факултет
Институт за етнологија и антропологија
Ул. Архимедова, бр. 3, 1000 Скопје
Република Македонија
www.sinstit.org.mk
e-stit@sinstit.org.mk

**Publisher:**
MNC BLUE SHIELD – Association for Protection of Cultural Heritage at Risk

**For the Publisher:**
Davorin Trpeski
President of the MNC Blue Shield

**Editor-in-chief:**
Davorin Trpeski

**Secretary:**
Olivera Dzartovska Tachevska

**Editorial Board:**
Davorin Trpeski, PhD
Krste Bogoeski, PhD
Lazar Shumanov, PhD
Zaharinka Aleksoska – Bacheva
Jovan Ristov

**Internation Advisory Board:**
Ljiljana Gavrilović, PhD, Serbia
Peter Stone, PhD, Unated Kingdom
Friedrich T. Schipper, PhD, Austria
Joris Kila, PhD, Netherlands
Karl von Habzburg, Austia

**Proofreading:**
Aleksandar Jordanoski, MA

**Corrections:**
Davorin Trpeski

**Translation:**
KONTINEO - language services

**Computer processing:**
Davorin Trpeski

**Contact:**
MNC BLUE SHIELD
Sts. Cyril and Methodius University
Institute of Ethnology and Anthropology
Arhimedova 3, 1000 Skopje
Republic of Macedonia
www.blueshield.org.mk
e-stit@sinstit.org.mk

Содржина | Contents

| Содржина | | Contents |
|---|---|---|
| **Даворин Трпески** Од уредникот | **5** | **Davorin Trpeski** From the Editor |
| **Јован Ристов** Вториот протокол од 1999 година, неговото значење и степенот на нормативна и фактичка примена во Република Македонија | **7** | **Jovan Ristov** The Second protocol of 1999, its significance and the degree of its normative and actual implementation in R. of Macedonia |
| **Сунчица Веселиновска** Заштита и спасување на културното наследство – одговорност на повеќе законски субјекти | **39** | **Sunchica Veselinovska** Protection and rescue of cultural heritage – responsibility of more legal entities |
| **Јован Ристов** Значење и примена на Хашката Конвенција од 1954 година | **57** | **Jovan Ristov** Significance and application of the Hague Convention 1954 |
| **Крсте Богоески** Невладините организации и имплементацијата на Вториот протокол од Хашката конвенција | **81** | **Krste Bogoeski** The NGO`s and the imprementation of the Second protocol of the Hague convention |
| **Валентина Поцеска** Музејски стандарди на депонирање | **91** | **Valentina Poceska** Museum standards for disposal |
| **Крсте Богоески** Методи на процена на ризиците на културното наследство во депоата на музеите на Македонија | **107** | **Krste Bogoeski** Methods for risk assessment of cultural heritage in the museum depos in Macedonia |

## ОД УРЕДНИКОТ

Драги читатели, пред Вас е првиот број од списанието „е – Штит“, списание на Македонскиот национален комитет на Синиот штит од Скопје, чија цел е заштита на културното наследство за време на елементарни непогоди и војни. Тоа е специјализирано електронско списание за културно наследство, а особен акцент е ставен на македонското културно наследство. Впрочем, во ова списание ќе бидат застапувани оние трудови кои обработуваат теми и проблеми поврзани за ризиците под кои е изложено културното наследство, меѓу кои се и природните непогоди и војните. Во списанието „е – Штит“ трудови може да објавуваат и македонски и странски автори чие поле на интерес е токму културното наследство.

„е – Штит“ е списание кое во јавноста излегува еднаш годишно на два јазици, на македонски и на англиски јазик. Покрај македонскиот уредувачки одбор, списанието има и меѓународен уредувачки одбор. Меѓународниот уредувачки одбор во списанието се приклучи релативно подоцна, така што членовите од Одборот не беа во можност да учествуваат во изборот и во рецензијата на трудовите од овој прв број.

Во својата работа, Македонскиот национален комитет на Синиот штит фокусот го има ставено на организирање дебати и дискусии во чии рамки се обработува културното наследство. И покрај тоа што МНК Син штит постои повеќе од десет години во Македонија, сепак резултатите или трудовите од овие форуми постојат само во архивот на Комитетот. Започнувајќи од 2013 година тие трудови ќе бидат објавувани во ова списание. Така, во овој број ќе бидат објавени трудовите кои беа презентирани во рамките на два форума на МНК Син штит: „Библиотечното и аудиовизуелното културно наследство во Македонија – состојби и заштита“ и „Заштитата на културното наследство во музеите во Македонија – состојби и искуства“.

Уредникот

**FROM THE EDITOR**

УДК 930.85:355.01 (497.7) (094.2)
351.853:930.85 (497.7) (094.2)

**Јован РИСТОВ**
Национален конзерваторски центар

# ВТОРИОТ ПРОТОКОЛ ОД 1999 ГОДИНА, НЕГОВОТО ЗНАЧЕЊЕ И СТЕПЕНОТ НА НОРМАТИВНА И ФАКТИЧКА ПРИМЕНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Апстракт*: Во овој прилог во сублимирана форма се опфатени и приопштени клучните прашања за Протоколот што се од значење за неговото правилно разбирање (цел, предмет, позиција, правно дејство), значењето на Протоколот како меѓународен инструмент за заштита на културните добра во случај на вооружен судир, обврските преземени со неговата ратификација од страна на Република Македонија, состојбата и актуелните прашања во поглед на примената на Протоколот.

*Клучни зборови:* чување, воена потреба, имунитет на културните добра, меѓународна заштита, имплементација.

Овој форум е во пресрет на три предметни годишнини што се навршуваат во првата половина на 2014 година, и тоа: 60 години од усвојувањето на Конвенцијата за заштита на културните добра во случај на вооружен судир, позната и под називот Хашка конвенција од 1954 година (ХК) со нејзиниот Правилник за извршување и Првиот протокол; 15 години од усвојувањето на Вториот протокол на ХК (Втор хашки протокол) и 10 години од неговото влегување во сила.

Гледано во таков контекст, во оваа пригода би било упатно најпрво да се задржиме на неколку основни прашања во врска со предметниот протокол.

## Клучни прашања за вториот хашки протокол

### Основни податоци за Протоколот

Основните податоци за предметниот акт овде се систематизирани во форма на *идентификационен лист*, со следната содржина:

| ИДЕНТИФИКАЦИОНЕН ЛИСТ | | |
|---|---|---|
| *1. НАЗИВ:* | *Втор протокол на Хашката конвенција од 1954 година за заштита на културните добра во случај на вооружен судир* | |
| *2. ЈАЗИЦИ (текст):* | *Англиски, арапски, кинески, руски, француски, шпански* | |
| *3. УСВОЈУВАЊЕ:* | *3.1 - Место: Хаг (Холандија)* | *3.2 - Датум: 26 март 1999 година* |
| | *3.3 - Постапка: Дипломатска конференција* (15-26 март 1999 година) | |
| | *3.4 - Организатори:УНЕСКО, Влада на Кралството Холандија* | |
| | *3.5 - Учесници: 93 држави* (74 држави-членки на ХК и 19 држави-набљудувачи), *МК на Црвениот крст и МК на Синиот штит* | |
| *4. КЛУЧНИ РОКОВИ И ДАТУМИ:* | *4.1 - Потпишување:17 мај - 31 декември 1999 година* (се однесува на земјите-членки на ХК, учесници на ДК во Хаг) | |
| | *4.2 - Пристапување:по 1 јануари 2000 година* | |
| | *4.3 - Цензус:депонирање на 20 инструменти за ратификација, прифаќање, одобрување или пристапување* (*исполнет:9.12.2003 г.)* | |
| | *4.4 - Влегување во сила: 9 март 2004 година* (3 месеци по исполнувањето на цензусот), а потоа – 3 месеци од депонирањето на соодветниот инструмент, освен при *вооружен судир* кога стапува на сила *веднаш* по депонирањето на инструментот | |
| *5. ДЕЈСТВО:* | Кон *земјите-членки на Протоколот*, за време на *мир, вооружен судир (меѓународен, немеѓународен) и окупација*, без оглед на модалитетите | |
| *6. РЕЗЕРВИ:* | Нема можност за *ставање резерви* (за разлика од *Првиот протокол на ХК*) | |
| *7. ДЕПОЗИТАР:* | *УНЕСКО* (Секретаријат, Генерален директор на УНЕСКО) | |
| *8. РЕГИСТРАЦИЈА:* | *ООН* (Секретаријат, генерален секретар на ООН) | |
| *9. КЛАСИФИКАЦИЈА:* | *9.1 - Класа: Меѓународни акти (МА)* | |

| | | |
|---|---|---|
| | *9.2 – Поткласа: Јавно-правни МА* | *9.3 – Вид: Меѓународни договори (МД)* |
| | *9.4 – Подвид: Универзални МД* | *9.5 – Група: Мултидисциплинарни МД* |
| | *9.6 – Подгрупа:Воени/хуманитарни МД* | *9.7 – Тип: Протокол* |
| *10. РАТИФИКАЦИЈА:* | *10.1 – Вкупно:66 држави* (заклучно со 23 октомври 2013 година) | |
| | *10.2 – Од РМ:* со *закон* од 23.01.2002 година, објавен на 18.02.2002 год. а во сила од 25.2.2002 год. („Службен весник на РМ-МД“ бр. 13/02) | |
| *11. РЕВИЗИЈА:* | Не е предвидена можност за промена на текстот на Протоколот | |
| *12. ОТКАЖУВАЊЕ:* | Секоја *држава-членка на Протоколот* може да се откаже од него, со тоа што *откажувањето* стапува на сила *1 година по депонирањето на актот за откажување*, но ако во тој рок биде вовлечена во вооружен судир, *откажувањето се суспендира до завршувањето на непријателствата и додека КД не бидат вратени на земјата на потеклото* | |

**Цели на Протоколот**

Целите на *Вториот хашки протокол* се содржани во неговата *преамбула*, формулирани како:

- *подобрување на заштитата на КД во случај на вооружен судир;*
- *воведување засилен систем на одбрана на КД;*
- *комплетирање на одредбите на ХК од 1954 година со мерки што ќе го засилат нивното спроведување;*
- *обезбедување понепосредно учество на земјите-членки на ХК во заштитата на КД во случај на вооружен судир преку подготвување специјални процедури;*
- *рефлектирање на меѓународното право во националните прописи со кои се регулира заштитата на КД во случај на вооружен судир.*

*Вториот хашки протокол* не е создаден заради *одвраќање од намерата за водење војна* ниту, пак, може да *спречи започнување на воен судир*. Тој нема таква *моќ* ниту *цел*.

## Позиција на Протоколот

*Вториот хашки протокол*, како и *Првиот протокол на ХК од 1954 година,* е посебен, *самостоен меѓународен инструмент*. Тој, како таков, *ја дополнува ХК* и поради тоа е *поврзан* исклучително со *неа*, без никаква релација со кој било друг *меѓународен договор.*

Овој *протокол*, според својата содржина, претставува истовремено *извор* на неколку *правни гранки и дисциплини*, особено на:

- *Меѓународното јавно право*, со оглед дека регулира односи меѓу *државите;*
- *Меѓународното воено/хуманитарно право*, со оглед дека ги регулира односите за време на *војна* (објавена или необјавена), *воена состојба* (прогласена или не прогласена), *окупација* (призната или непризната, со отпор или без вооружен судир) и *внатрешен (немеѓународен) вооружен судир* (за кој се применуваат правилата на *меѓународното воено/хуманитарно право);*
- *Меѓународното казнено право*, со оглед дека ги регулира односите во врска со *кривичната одговорност, иследувањето, екстрадицијата, правната соработка во кривичната постапка* и др.;
- *Меѓународното споменичко право*, со оглед дека се однесува на *заштитата на КД во случај на вооружен судир.*

*Вториот хашки протокол*, заедно со *ХК* и нејзиниот *Прв протокол од 1954 година,* спаѓа во категоријата на т.н. *Хашко воено право*, а не во категоријата на т.н. *Женевско хуманитарно право: 4-те женевски конвенции* од 12 август 1949 година (за *ранетите и болните, бродоломците, воените заробеници и цивилните лица*) и *2-та дополнителни протоколи* од 1977 година (*I – за жртвите во меѓународен вооружен судир и II – за жртвите во немеѓународен вооружен судир*).

Ваквото позиционирање на *Вториот хашки протокол* е ирелевантно од аспект на *меѓународното споменичко право,* со оглед дека извор на тоа право се и *женевските акти* што се однесуваат на *културните добра.*

## Предмет на уредување (содржина) на Протоколот

*Вториот хашки протокол* содржи вкупно *47 члена* (за разлика од *ХК – 40*, нејзиниот *Правилник – 21 и Првиот протокол – 15).*
Неговата структура ја сочинуваат одредби систематизирани во *9 глави*, и тоа:

- *Глава I – Вовед* (членовите; 1-4);
- *Глава II – Општи одредби за заштита* (членовите: 5-9);

- *Глава III – Засилена заштита* (членовите: 10-14);
- *Глава IV – Кривична одговорност и надлежност* (членовите: 15-21);
- *Глава V – Заштита на КД во случај на вооружен судир од немеѓународен карактер* (член 22);
- *Глава VI – Институционални прашања* (членовите: 23-29);
- *Глава VII – Информирање и меѓународна помош* (членовите: 30-33);
- *Глава VIII – Реализација на Протоколот* (членовите: 34-38);
- *Глава IX – Завршни одредби* (членовите: 39-47).

Од гледна точка на *споменичкото право*, поточно, *меѓународното споменичко право*, како најпредметни се сметаат одредбите од *главите II, III, V и VI*, што се однесуваат на:

- *чувањето на КД* (член 5);
- *почитувањето на КД* (член 6), *мерките на претпазливост при напад* (член 7) и *против последици од напад* (член 8);
- *заштита на КД на окупирана територија* (член 9);
- *засилената заштита – поим* (член 10), *доделување* (член 11), *имунитетот на КД под засилена заштита* (член 12), *губењето на правото на засилена заштита* (член 13), *суспендирањето и укинувањето на засилената заштита* (член 14);
- *заштита на КД при немеѓународен вооружен судир* (член 22);
- *институционална рамка* (членовите 23-29).

*Вториот хашки протокол* не го уредува прашањето за *означувањето на КД под засилена заштита со знакот на ХК* (употребата на *знакот на ХК* за тие *КД*).

*Вториот хашки протокол*, исто како и *ХК*, не се однесува на сите КД што го сочинуваат *националното културно наследство* на секоја *земја-членка*, туку само на дел од тоа *наследство.* Имено, во *Вториот хашки протокол*, поимот *„културно добро“* го има истото *правно значење* како во *ХК од 1954 година*, што ќе рече – се однесува само на:

- *недвижните и движните добра кои се од големо значење за културното наследство на секој народ (археолошки локалитети, споменици на архитектурата, уметноста или историјата, збир на градби, уметнички дела, ракописи, книги и други предмети од уметнички, историски или археолошки интерес, научни колекции, важни колекции на книги, архиви или репродукции на таквите добра;*
- *згради чија главна и ефективна намена е чување или изложување на движни КД од големо значење (музеи, големи библиотеки, архивски депоа);*

- *скривници за КД од големо значење;*
- *споменички центри.*

**Основна терминологија**

За *Вториот хашки протокол*, исто како и за самата *ХК*, се предметни неколку *основни поими* од областа на *меѓународното воено/хуманитарно право*, какви што се, особено изразите:

- **Воена потреба** – нужност, неопходност, предност, корист или интерес што дозволува употреба на вооружени сили против воени цели на вооружен судир за да се совлада, односно да се натера непријателот да се предаде, што се манифестира како дозволено отстапување од определени ограничувања, ако тие ограничувања го оневозможуваат постигнувањето на **воената цел** во дадена ситуација;
- **Користење во воени цели** – употребување на КД за сместување или како засолниште на вооружени сили и на воена опрема или ако други воени објекти се наоѓаат во нивна непосредна близина, дури и во случај кога тоа е сторено привремено, како и ако во нив се вршат активности поврзани со воени операции или ако во нив се произведува воена опрема;
- **Воен објект** – секој објект кој според својата природа, локација, намена или користење ефикасно придонесува кон воена акција, а чие целосно или делумно уништување, заземање или неутрализирање дава одредена воена предност (касарни, утврдувања, министерство за одбрана и негови објекти, уреди и постројки, складови на воена опрема, воздухопловни уреди и постројки, патишта, пруги, мостови, РТВ станици, телефонски централи, воена индустрија и др.
- **Напад** – секоја воена акција, односно секаков акт на насилство против непријателот, без оглед дали се работи за офанзивно или дефанзивно дејство;
- **Сила заштитничка** - неутрална или друга држава која не е страна во воениот судир, а во однос на една од страните во судирот се јавува во улога на меѓународно-правно признат застапник на нејзините интереси;
- **Добри услуги** – доведување на страните во судирот на преговарачка маса заради започнување директни преговори, без право на медијација;
- **Медијација** – активно учество и давање конкретни совети и предлози за решавање на спорот.

### Значење на Вториот протокол

### Општи карактеристики

Значењето на *Вториот хашки протокол* е повеќестрано, а се состои и се препознава преку неколку негови клучни карактеристики, особено во тоа што:

- не го дерогира моделот на меѓународна воено-хуманитарна заштита на КД, востановен со ХК, туку истиот го надградува со воведувањето на нов, највисок степен на заштита, наречен *засилена заштита*, различен од *општата и специјалната заштита*, предвидени со Конвенцијата;
- се заснова на истите *протектолошки принципи* како и ХК – *принципот на чување и принципот на почитување* – со тоа што воведува повисоки *протектолошки стандарди* во поглед на примената на тие принципи, изразени во нагласеното балансирање и ограничување на *принципот на воена потреба* наспроти *принципот на хуманост*, не само кај *засилената заштита* туку и, првенствено, кај *општата заштита,* со нејзино евидентно зајакнување;
- востановува 3 нови *инструменти на меѓународна воено-хуманитарна заштита* (*Инвентар на КД што уживаат меѓународна заштита во случај на вооружен судир; Прелиминарен список на КД што се номинираат за доделување на засилена заштита и Меѓународен список на КД под засилена заштита*), независно од *инструментите* предвидени со ХК и нејзиниот правилник за извршување (*Меѓународен список на личности квалификувани за вршење на функцијата на генерален комесар за културни добра и Меѓународен регистар на КД под специјална заштита*);
- востановува нова, постојана *институционална рамка*, што ја сочинуваат: *Собирот на страните на Протоколот, Комитетот за заштита на КД во случај на вооружен судир (условно: Воен комитет) и Фондот за заштита на КД во случај на вооружен судир (условно: Воен фонд за КД)*, различна од *институционалната рамка на ХК: Собир на страните на ХК, генерален комесар за КД, сили заштитнички, претставник за КД, специјален претставник за КД на окупирана територија, делегати на силите заштитнички, инспектори за КД;*
- ги пополнува правните празнини во врска со *индивидуалната кривична одговорност за воените злосторства против културните добра*, опфаќајќи широк спектар на инкриминирани дејства (*планирање, поттикнување, нарачување, наредување,*

*учествување, помагање на подготовки и извршување*), нивно класифицирање со акцент на *сериозните повреди*, утврдување на надлежноста за постапување (*иследување, казнување, екстрадиција, соработка, помош*) и вградување на тие повреди во *националното казнено законодавство*;
- го проширува задолжителното дејство на *Протоколот* и врз *внатрешните вооружени судири* (наречени: *немеѓународни вооружени судири*);
- ја засилува *меѓународната асистенција и соработка* во случај на вооружен судир;

**Зајакнување на општата заштита на КД**

Зајакнувањето на *општата заштита на КД* за време на *вооружен судир*, направено со *Вториот хашки протокол*, може најдобро да се спознае преку споредба на неговите одредби за *почитувањето на КД* (членовите 6, 7, 8 и 9) со тие од *Хашката конвенција* (членовите 4 и 5). Во случајот, споредбата се однесува на *облиците на почитувањето на КД*, од една страна, и *дозволеното отстапување*, односно *одземањето на имунитетот на КД под општа заштита*, што се манифестира како *легален напад на заштитено КД*, од друга страна.

Имено, во самата *ХК од 1954 година*, акцентот е ставен врз две клучни компоненти, и тоа:

*а) – Воздржување на завојуваните страни:*

- *од употреба на КД, средствата за нивна заштита и нивната околина за воени цели (чл. 4 став 1);*
- *од секаков непријателски акт (воена акција) против КД (чл. 4 став 1);*
- *од реквирирање на движни КД (чл. 4 ст. 3);*
- *од репресалии против КД (чл. 4 ст. 4);*

*(б) – Отстапување од обврската за воздржување од чл. 4 ст. 1 поради императивна воена потреба.*

Со *Вториот хашки протокол*, обврската за *воздржување* е издигната на ранг на *забрана за недозволено отстапување од воздржувањето*, како облик на *гарантитање на имунитетот на КД под општа заштита,* а покрај тоа, се утврдени *нови правила за ограничување на императивната воена потреба* (нерегулирана со ХК). Во таа смисла:

- *Одлука за одземање на имунитетот на заштитено КД (одлука за напад на КД) може да донесе командант на формација со*

*големина на баталјон или со помала големина, во зависност од околностите;*

- *Нападот се смета за дозволен (легален) ако се работи за две различни ситуации:*
  - *КД е претворено во воен објект и нема друг начин да се здобие воена предност, а спротивната страна благовремено е предупредена дека следува напад на КД (член 6 т. а);*
  - *постои потреба од здобивање со воена предност, без оглед што КД не е претворено во воен објект (член. 6 т. б);*

Наедно, со *Вториот протокол на ХК* се пропишани *2 нови облици на почитување на КД,* изразени како *задолжителни мерки на претпазливост*, и тоа:

*(а) – Претпазливост при напад,* што подразбира 4 мерки (член 7):

- при *изборот на целта на нападот*, задолжително треба да се провери дали *објект на нападот е КД под општа заштита;*
- при *изборот на средствата и начинот на напад,* да се внимава со нив да настанат *минимални штети на КД;*
- *откажување од напад на КД ако штетата би ја надминала очекуваната воена предност;*
- *стопирање/прекинување на започнат напад на КД, ако штетата ја надминува очекуваната воена предност;*

*(б) – Претпазливост против последици од напад, што подразбира 3 мерки (чл. 8):*

- *отстранување на движни КД што се во близина на воени средства;*
- *обезбедување на движните КД in situ, ако не се отстрануваат;*
- *избегнување воени средства да се сместуваат во близина на КД.*

**Засилена заштита**

*Засилената заштита* е нов, трет по ред и *највисок степен на меѓународна заштита* во случај на *вооружен судир*. Нејзините клучни елементи овде ги приопштуваме во сублимирана форма, во *табеларниот преглед* што следува.

| ***ЗАСИЛЕНА ЗАШТИТА*** | |
|---|---|
| ***КЛУЧНИ ЕЛЕМЕНТИ*** | ***ОПИС*** |

| | |
|---|---|
| **1. ПРЕДМЕТ** | КД под *општа* или *специјална заштита* кои исполнуваат одредени критериуми/услови. |
| **2. КРИТЕРИУМИ/УСЛОВИ** | Кумулативно исполнување на *три услови:*<br>• *вредносен критериум: КД да претставува КН од големо значење за човештвото;*<br>• *правен критериум: на национално рамниште КД да ужива највисок степен на заштита;*<br>• *политички критериум: да не се користи за воени цели или за заштита на воени објекти, а државата дала изјава за тоа.* |
| **3. СТЕКНУВАЊЕ ПРАВО НА ЗАСИЛЕНА ЗАШТИТА** | *3.1 – Претходна постапка:* Најава на намерата да се бара доделување на *правото на засилена заштита,* со поднесување на *Прелиминарен список на КД што ќе се номинираат за засилена заштита.* |
| | *3.2 – Редовна постапка*: (а) Поднесување на *барање за запишување во Меѓународниот список на КД под засилена заштита* што се доставува до *Воениот комитет; (б)* произнесување на земјите-членки по тоа барање во рок од 60 дена; *(в)* прибавување *мислење* од владини и невладини организации или одделни експерти; *(г) Одлука на Воениот комитет за доделување или одбивање на барањето; (д) Запишување во Меѓународниот список* врз основа на донесената *одлука; (ѓ)* Известување на Генералниот секретар на ООН и земјите-членки на Протоколот. |
| | *3.3 – Скратена постапка:* во итни случаи, при вооружен судир, кога се доделува *привремена засилена заштита*, доколку се исполнети само *вредносниот и политичкиот критериум.* |
| **4. ГУБЕЊЕ НА ПРАВОТО НА ЗАСИЛЕНА ЗАШТИТА** | *4.1 – Суспендирање на засилената заштита: (а) за време на мир:* ако не е исполнет некој од задолжителните критериуми; *(б) при вооружен судир:* ако КД се употребува за поддршка на воена акција. Во двете ситуации се донесува *одлука за суспендирање* од страна на *Воениот комитет*, со последица – *повлекување на КД од Меѓународниот список.* |
| | *4.2 – Укинување на засилената заштита: (а) за време на мир:* ако отстапувањето од некој од критериумите е од повисок степен; *(б) при* |

| | |
|---|---|
| | *вооружен судир:* ако се работи за континуирано прекршување. Во двете ситуации се донесува *одлука за укинување на засилената заштита,* што повлекува *симнување на КД од Меѓународниот список.* |
| | *4.3 – Губење на засилената заштита по автоматизам:* ако КД станало *воен објект,* нема посебна процедура ниту одлучување од страна на *Воениот комитет,* а КД може да биде *објект на напад,* доколку: *(а) нападот е единствена можност да се стави крај на таквата употреба на КД; (б) претходно се преземени сите можни мерки на претпазливост; (в) наредба за напад е дадена од највисоко ниво на оперативна команда; (г) откако е дадено ефективно предупредување на противничката страна и (д) истекол рокот за постапување на предупредената страна.* |

**Сериозни повреди на Протоколот**

Поимот *сериозни повреди на Протоколот* ги подразбира *намерните прекршувања на ХК и нејзиниот Втор протокол,* изрично наведени како такви, што претставуваат:

- *Напад на КД под засилена заштита;*
- *Употреба на КД под засилена заштита или на неговата непосредна околина како поткрепа на некоја воена акција;*
- *Разурнување или присвојување од поголеми размери, на КД опфатени со ХК и Вториот протокол* (тие кои се под *општа, специјална и засилена заштита);*
- *Напад на КД покриено со ХК и Вториот протокол (под општа и специјална заштита);*
- *Кражба, грабеж (пљачкање) или проневера на КД заштитени со ХК, како и акт на вандализам против КД заштитени со ХК.*

Во случајот, станува збор за 9 дејства, квалификувани како воено злосторство против културните добра. Всушност, секое од наведените дејства/повреди има ист *правен квалитет*: тие претставуваат *меѓународни злосторства*, од категоријата – *воени злосторства*, а како такви не можат да бидат *модифицирани* или *анулирани* со одредбите на *националното законодавство*. Во таа смисла, доколку бидат извршени за време на

*немеѓународен вооружен судир*, тие останувааат тоа што се – *воени злосторства против меѓународното право.*

Наведените *сериозни повреди* (читај: *воени злосторства*) мора да бидат вградени во *националното казнено право*, со оглед дека претставуваат *меѓународни инкриминации (меѓународни кривични дела,* односно *кривични дела против меѓународното право*).

## Мирновременски обврски од протоколот и нивно извршување

### Општи обврски

Како општи обврски од Протоколот се сметаат:

- *Превод на текстот на Протоколот и неговото објавување на официјалните јазици во земјата и доставување на објавените текстови до генералниот директор на УНЕСКО* (член 37 став 1);
- *Подготвување национален извештај за спроведување на Вториот протокол, на секои 4 години и негово доставување до Воениот комитет* (член 37 став 2);
- *Афирмирање на Протоколот преку различни форми, особено преку програми за едукација и информирање на целокупното население* (член 30 став 1);
- *Вградување одредби за заштита на КД во воените прописи* (член 30 ст. 3 т. 1);
- *Изработка и реализирање на посебни програми за информирање и обука во мирно време, во соработка со УНЕСКО и со владини и компетентни НВО* (член 30 ст.2 т. 2);
- *Информирање на земјите-членки на Протоколот, преку генералниот директор на УНЕСКО, за законите и другите прописи и за преземените мерки за спроведување на Протоколот* (член 30 ст. 2 т. 3 и 4).

### Посебни обврски

Како посебни обврски од Протоколот се сметаат:

- Благовремено преземање на *неопходните подготвителни мерки во време на мир за чување на КД: (а)* воспоставување и водење на *Инвентар на КД што уживаат меѓународна заштита во случај на вооружен судир; (б) преземање на неопходните технички мерки* (за заштита од пожари, рушење, евакуација, заштита in

situ) и *(в) определување компетентни органи за чување на КД* (член 5);

- Преземање *мерки на претпазливост против последици од напад на КД* (член 8);
- Составување на *прелиминарен список за номинација на КД за засилена заштита* (член 11 ст. 1);
- *Вградување на повредите на Протоколот во казненото законодавство* (член 15 ст. 2);
- *Утврдување надлежност во националното законодавство за постапување во случаите на сериозни повреди на Протоколот* (член 16 став 1);
- *Екстрадиција во случаи на сериозни повреди* (член 18).

**Извршување на обврските**

Извршувањето на обврските од *Вториот хашки протокол*, во основа, е сведено првенствено на *нормативно рамниште*, и тоа само делумно.

Имено, во *Законот за заштита на културното наследство (матичен закон):*

- *е пропишана општа забрана за реквирање, репресија, напад и користење на културното наследство за воени цели* (член 54);
- *е содржана посебна глава за заштитата на КН во случај на вооружен судир и природни непогоди*, каде се опфатени сите релевантни прашања (членовите 106-110);
- Врз основа на матичниот закон досега се донесени:
- *Уредба на посебните мерки на заштита на КН во случај на воена и вонредна состојба* („Службен весник на РМ“ бр. 56/08);
- *Правилник за содржината и начинот на водење на Националниот инвентар на заштитени добра во случај на вооружен судир* („Службен весник на РМ“ бр. 25/05);
- *Правилник за употребата на знаци за КН определени со меѓународен договор* („Службен весник на РМ“ бр. 25/05);
- *Правилник за образецот на легитимацијата и изгледот на траката на ракавот на службеното лице за заштита, односно на лицето за контрола на КН во случај на вооружен судир и за начинот на нивното издавање* („Службен весник на РМ“ бр. 25/05).

Наспроти тоа, досега не се донесени:

- *Посебната методологија за процена на штетата на КН причинета за време и како последица на вооружен судир* (член 109 од матичниот закон);
- *Стручните упатства за спроведување на подготвителните мерки за заштита на КН во случај на вооружен судир* (член 107 став 4 т. 3 од матичниот закон).

Покрај тоа, во поглед на обврските вградени во матичниот закон, досега:

- *Не е извршено означување на КН со знакот на ХК* (чл. 48 ст. 3 и член 107 ст. 3 т. 1);
- *Не е воспоставен Национален инвентар на заштитени добра во случај на вооружен судир* (член 106);
- *Не е формиран Координативниот одбор за заштита на КД во случај на вооружен судир* (член 159 ст. 1 т. 10);
- *Не се донесени предвидените планови* (за евакуација, заштита од пожар, рушевини, заштита in situ и др.).

Во македонскиот КЗ, во посебна глава – *Кривични дела против човечноста и меѓународното право* (Глава 34), меѓу другото, се вградени одредби за *инкриминираните дејства против КН* (членовите 404 ст. 2, 414 и 416). Притоа, карактеристично е тоа што во самиот КЗ, сериозните повреди на Протоколот не се издвоени како посебно кривично дело *(воено злосторство против КД),* туку се вградени во членот – *Воено злосторство против цивилното население*, кодифицирани во посебен став, заедно со злосторствата против други категории правни вредности (член 404 став 2). Исто така, со кривичното дело од член 414 – *Уништување на добро под привремена заштита или КН,* предметот на казнено-правната заштита на КД во случај на вооружен судир е проширен значително повеќе од тоа што е обврска од Вториот хашки протокол. Покрај тоа, во соодветните закони е утврдена *надлежноста на македонските судови* за постапување во случаите на *сериозни повреди на Протоколот*, вклучувајќи ја и екстрадицијата.

Во државата постојат и посебни прописи од областа на *управувањето со кризи, одбраната, заштитата и спасувањето,* во кои КН е опфатено на соодветен начин, на едно општо ниво.

Извршувањето на другите преземени *општи и посебни обврски од Протоколот* претставува и натаму отворено прашање.

**Наместо заклучок**

Примената на предметниот протокол подразбира висок праг на реално присутна и практично манифестирана протекторска свест, но и

завидно ниво на војничка и општа култура. Токму поради тоа, сам по себе, Хашкиот протокол од 1999 година не гарантира подобра заштита на културните добра во случај на вооружен судир, ниту спречување на идните злодела против нив, особено во средини каде што вкупната популација и јавните власти не се сензибилизирани до степен што ќе ја олесни неговата примена. Оттаму, како акт што ја симболизира моќта на разумот, Второт протокол на Хашката конвенција од 1954 година, подразбира темелен пристап кон заштитата на културните добра во случај на вооружен судир и долготраен процес на сензибилизација на јавноста. Дали и колку ќе биде тоа реализирано, пред сѐ, зависи од државата и нејзиниот однос кон преземените обврски од предметниот меѓународен договор.

**Литература**


1. Василески В., Меѓународно воено право, Скопје, 1998
2. Василески В., *Меѓународно хуманитарно право*, Скопје, 2002.
3. *Protecting Cultural Property in Armed Conflict, An insight into the 1999 Second Protocol to the Hague Convention of 1954 for the Protection of Cultural Property in the Event of Armed Conflict*, Leiden-Boston, 2010.
4. Ристов Ј., *Хашкиот протокол од 1999 година – заштита на културните добра во случај на вооружен судир*, Скопје, 2002.
5. Ристов Ј., Топузовска Л., *Темелни акти на УНЕСКО за заштита на културното наследство*, Скопје, 2006.
6. Ристов Ј., *Инструменти за заштита на културното наследство*, Скопје, 2008.


**Кратенки**

| | | |
|---|---|---|
| **ДК** | – | Дипломатска конференција |
| **КД** | – | културни добра |
| **КЗ** | – | Кривичен законик |
| **КН** | – | културно наследство |
| **МА** | – | меѓународни акти |
| **МД** | – | меѓународни договори |
| **НВО** | – | невладини организации |
| **РМ** | – | Република Македонија |
| **РТВ** | – | радио-телевизиски |
| **ХК** | – | Хашка конвенција |
| **УНЕСКО** | – | Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура (United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization) |

UDC 930.85:355.01 (497.7) (094.2)
351.853:930.85 (497.7) (094.2)

**Jovan RISTOV**
National conservation center, Skopje

# THE SECOND PROTOCOL OF 1999, ITS SIGNIFICANCE AND THE DEGREE OF ITS NORMATIVE AND ACTUAL IMPLEMENTATION IN REPUBLIC OF MACEDONIA

*Abstract*: This article will outline the key questions on the Protocol, significant for its proper understanding (aims, objectives, position, legal effects), the significance of the Protocol as an international instrument for protection of cultural goods in the event of armed conflict, the obligations undertaken with its ratification by Republic of Macedonia, the situation and the current issues related to the implementation of the Protocol.

*Key words:* safeguarding, respect, military necessity, immunity of cultural property, international protection, implementation

This forum is to meet three anniversaries due in the first part of 2014: 60 years since the adoption of the Convention for the Protection of Cultural Property in the Event of Armed Conflict, known as the Hague Convention of 1954 (HC) with the Regulations for the Execution of the Convention and its First Protocol; 15 years since the adoption of the Second Protocol to the HC (Second Hague Protocol) and 10 years of its entry into force.

In this occasion, few key issues regarding this Protocol will be reviewed.

## Key issues regarding the second hague proocol

### Basic information on the Protocol

The basic information regarding this document are systematically outlined in this *identification sheet:*

| IDENTIFICATION SHEET | | |
|---|---|---|
| *11. TITLE:* | *Second Protocol to the Hague Convention of 1954 for the Protection of Cultural Property in the Event of Armed Conflict* | |
| *12. AUTHORITATIVE TEXTS:* | *English, Arabic, Chinese, Russian, French, Spanish* | |
| *13. ADOPTION:* | *3.1 - Place: The Hague (Netherlands)* | *3.2 - Date: 26 March 1999* |
| | *3.3 - Procedure: Diplomatic conference* (15-26 March 1999) | |
| | *3.4 - Organizers:UNESCO, Government of the Kingdom of the Netherlands* | |
| | *3.5 - Representatives: 93 states* (74 States Parties of the HC и 19 States observers), *IC of the Red Cross and IC of the Blue Shield* | |
| *14. MILESTONES:* | *4.1 - Open for signatures: May 17th - December 31st 1999* (for the States parties of the HC, participants on the diplomatic conference in the Hague) | |
| | *4.2 - Accession: after January 1st 2000* | |
| | *4.3 - Census: deposit of 20 instrument of ratification, acceptance, approval or accession (fulfilled: 9.12.2003)* | |
| | *4.4 - Entry into force: March 9th 2004* (3 months after the deposit of twentieth instrument of ratification, acceptance, approval or accession); thereafter, it shall enter into force, for each Party, three months after the deposit of its instrument of ratification, acceptance, approval or accession, except in case of *hostilities* - with *immediate effect* after the deposit of the instrument | |
| *15. SCOPE OF APPLICATION :* | To the *States parties* of the Protocol, in time of *peace, armed conflict (international, non-international) and occupation*, regardless of the modalities | |

| | | |
|---|---|---|
| *16. RESERVATIONS:* | No possibility for *reservations* (unlike *The First Protocol of the HC)* | |
| *17. DEPOSITARY:* | *UNESCO* (Secretariat, Secretary General of the UNESCO) | |
| *18. REGISTRATION:* | *UN* (Secretariat, Secretary General of the UN) | |
| *19. CLASSIFICATION:* | *9.1 - Class: International acts (IA)* | |
| | *9.2 - Subclass: Public-legal IA* | *9.3 - Category: International Treaties (IT)* |
| | *9.4 - Subcategory: Universal IT* | *9.5 - Group: Multidisciplinary IT* |
| | *9.6 - Subgroup:Military/humanitarian IT* | *9.7 - Type: Protocol* |
| *20. RATIFICATION:* | *10.1 - Total:66 states* (as of 23rd October 2013) | |
| | *10.2 - by RM:* with *Law* of 23.01.2002, published on 18.02.2002, entry into force since 25.2.2002 ("Official Gazette of RM" N. 13/02) | |
| *11. REVISION:* | Revision of the text of the Protocol is not anticipated | |
| *12. DENUNCIATION:* | *Each Party* may denounce this Protocol. The *denunciation* shall take effect *one year after the receipt of the instrument of denunciation.* However, if, on the expiry of this period, the denouncing Party is involved in an armed conflict, *the denunciation shall not take effect until the end of hostilities, or until the operations of repatriating cultural property are completed.* | |

**Aims of the Protocol**

The aims of the Second Hague Protocol are stated in its Preamble, formulated as follows:

- *to improve the protection of cultural property in the event of armed conflict;*
- *to establish an enhanced system of protection for specifically designated cultural property;*
- *to supplement the provisions of the HC of 1954 through measures to reinforce their implementation;*
- *to provide the High Contracting Parties to the Convention with a means of being more closely involved in the protection of cultural property in*

*the event of armed conflict by establishing appropriate procedures therefore;*

- *to reflect developments in the international Law into the countries' rules governing the protection of cultural property in the event of armed conflict.*

*The Second Hague Protocol* is not created to limit the intentions to wage war, nor may prevent initiation of military conflict. It has no such power or purpose.

**Position of the Protocol**

The Second Hague Protocol, as well as the First Protocol to the HC of 1954, is individual, independent international instrument. It complements the HC, so it is exclusively related therewith, without any relationship to any other international agreement.
The content of the Protocol relates to several branches and disciplines of the Law, in particular:
• International public law, given that it regulates relations between states;
• International military / humanitarian law, given that it regulates relations in wartime (declared or not declared), war (declared or not declared), occupation (recognized or unrecognized, with resistance or without armed conflict) and internal (non-international) armed conflict (for which the rules of international military / humanitarian law apply);
• International criminal law, given that it regulates relations concerning criminal responsibility, the investigation, extradition, legal cooperation in criminal proceedings, etc.;
• International monumental law, given that it is related to the protection of cultural goods in the event of armed conflict.
The Second Hague Protocol, as well as the HC and its First Protocol of 1954, belong to the so- called Hague Law of war, and not to the so called Geneva humanitarian law: the 4 Geneva conventions of 12 August 1949 (for the wounded and the sick, the shipwrecked, prisoners of war and civilians) and the two additional protocols of 1977 (I - for victims of international armed conflict and II - for victims of non-international armed conflict).
This positioning of *the Second Hague Protocol* is irrelevant seen through the aspect of international monumental law, taking into account that the Geneva acts related to the cultural heritage are also source of this law.

**Content of the Protocol**

The Second Hague Protocol contains 47 articles (whereas the HC contains 40, its Regulation – 21 and the First Protocol – 15).

Its provisions are systematized into 9 chapters, namely:

- Chapter I – Introduction (articles: 1-4);
- Chapter II – General provisions regarding protection (articles: 5-9);
- Chapter III – Enhanced protection (articles: 10-14);
- Chapter IV – Criminal responsibility and jurisdiction (articles: 15-21);
- Chapter V – The protection of cultural property in armed conflicts not of an international character (article: 22);
- Chapter VI – Institutional issues (articles: 23-29);
- Chapter VII – Dissemination of information and international assistance (articles: 30-33);
- Chapter VIII – Execution of the Protocol (articles: 34 - 38);
- Chapter IX – Final clauses (articles: 39-47).

The most important provisions related to the international monumental law are found in the chapters II, III, V and VI, namely:

- safeguarding of cultural property (article 5);
- respect for cultural property (article 6), precautions in attack (article 7), precautions against the effects of hostilities (article 8);
- protection of cultural property in occupied territory (article 9);
- enhanced protection (article 10), the granting of enhanced protection (article 11), immunity of cultural property under enhanced protection (article 12), loss of enhanced protection (article 13), suspension and cancellation of enhanced protection (article 14);
- the protection of cultural property in armed conflicts not of an international character (article 22);
- institutional framework (articles 23-29).

The Second Hague Protocol does not regulate the issue of affixing of the emblem of the HC to the cultural goods under enhanced protection.
The Second Hague Protocol, as well as the HC, does not apply to all cultural goods that make up the national cultural heritage of each Member State, but only to part of it. The term “cultural property” in the Second Hague Protocol has the same legal definition as in HC of 1954:

- movable or immovable property of great importance to the cultural heritage of every people, such as monuments of architecture, art or history; archaeological sites; groups of buildings which, as a whole, are of historical or artistic interest; works of art; manuscripts, books and other objects of artistic, historical or archaeological interest; as well as scientific collections and important collections of books or archives or of reproductions of the property defined above;

- buildings whose main and effective purpose is to preserve or exhibit the movable cultural property as defined above (museums, large libraries and depositories of archives),
- refuges intended to shelter, in the event of armed conflict, the movable cultural property as defined above;
- centres containing a large amount of cultural property, known as "centres containing monuments".

**Basic Terminology**

Important for the Second Hague Protocol, as for the HC itself, are few basic terms of the international military/humanitarian law, in particular:

- **Military necessity** – necessity, need, advantage, benefit or interest which permits use of armed forces against military objectives of armed conflict to defeat the enemy or to make the enemy to surrender, which is manifested as justified deviation from certain restrictions, if these restrictions impede the achievement of the military objective in a given situation.
- **Use in military purposes** - use of cultural goods for accommodation or shelter of armed forces and military equipment or if other military objectives are located in their immediate vicinity, even when this has been done tentatively, also if activities associated with military operations are carried there or if military equipment is produced therein;
- **Military object** - any object which by its nature, location, purpose or use effectively contributes to military action and whose total or partial destruction, seizure or neutralization provides some military advantage (barracks, fortifications, Defense Ministry and its structures, devices and plants, warehouses of military equipment, aviation devices and installations, roads, railroads, bridges, broadcasting stations, telephone exchanges, military industry and others).
- **Attack** - military action, or any act of violence against the enemy, regardless of whether it is offensive or defensive action;
- **Protecting power** - neutral or other State not party to the military conflict, but positioned as advocate of one of the parties to the conflict and recognized by international law;
- **Good service** - bringing the parties to the conflict to the negotiating table for starting direct negotiations, without mediation;
- **Mediation** - active participation and counseling for resolution of the dispute.

## Significance of the Second Protocol

### General notes

The significance of the Second Hague Protocol is multilateral. Some of its features are particularly important:

- It does not derogate from the model of international military - humanitarian protection of cultural goods, established in the HC, but it builds on by introduction of new, highest level of protection, called enhanced protection, different from the general and special protection provided by the Convention;
- It is based upon the same principles of protection as HC - the principle of safeguarding and the principle of respect – but it introduces higher standards of protection in the application of those principles, expressed in the emphasized balancing and limiting the principle of military necessity as opposed to the principle of humanity, not only with enhanced protection but primarily for general care, with its evident strengthening;
Cultural heritage on the territory of Republic of Macedonia has always been subject to serious security risks, threats, destruction by human factor, natural disasters and armed conflicts. We are witnessing number of emergencies caused by natural or human factors that result in many casualties and damages or degradation of the environment, causing widespread damage and loss of cultural heritage. An example is the monastery Sveti Jovan Bigorski, who was burnt down in 2009 due to negligence of the relevant institutions. The 2001 conflict also showed the other dimension of wars and armed conflict. Unfortunately, the monastery church Sveti Atanasij in the village Lešok, Tetovo, dating back to XVII century was mined and collapsed to the ground, and the terrorist attacks also threatened or destroyed more Orthodox religious shrines: the church Sveti Nikola, the Tetovo Fortress, the monastery church Sveta Bogorodica in the village Matejche and the church Sveti Jovan in Kumanovo. Disaster risks exist in every society, and their occurrence in one region could be a threat to other regions. Southeast Europe, i.e. the Balkans is increasingly threatened by the global climate change, as a result of natural disasters (floods, droughts, extremely high temperatures, earthquakes, landslides, strong winds etc.), technical and technological accidents, effects of hazardous substances and armed conflicts. Any combination of these factors suggests that cultural heritage would be exposed to various threats and requires a comprehensive strategy for protection and rescue in emergencies that involves a system of prevention, mitigation, protection and rescue and reconstruction. Disasters are a challenge, which shows when, how and to which extent the society is prepared to react.

## Protection of cultural heritage – measures for prevention

The Law imposes obligations to the subjects for protection of the cultural heritage so to develop awareness for cultural heritage protection. The authorities and the public services, authorities of the local government, the legal entities and individuals, the owners of cultural heritage, the public institutions dealing with education, science, culture and information should incorporate in their working programs contents for building knowledge for the value of cultural heritage, the threats to which it is exposed, the need for its preservation and creating pro-active attitude toward the cultural heritage. Regardless of the degree of endangerment (in accordance with the Law - non-

endangered or endangered cultural heritage), the protection of cultural heritage should be a permanent concern and task of the State and the bodies in charge. The term “cultural heritage protection”, in its narrow meaning, refers to the immediate application of appropriate actions and measures (physical, technical, administrative, preventive), related to the protection of specific cultural value or good, which is protected by law and which enjoys a special legal regime for protection. The undertaken measures and activities to protect cultural heritage vary in different countries, depending on several factors: the size of the cultural heritage, the wealth of the country, the threats, the system for protection, the involvement of stakeholders in the protection and the awareness of the people for the significance of cultural heritage.

The system for protection and rescue of cultural heritage entails programming, planning, organizing, training, coordination, supervision and funding measures and activities for protection and rescue from natural and other accidents, as well as armed conflict. Main tasks of the system of protection and rescue include: detection, monitoring and research on the threats from natural disasters and other accidents, observation, reporting, alerting and informing the public about the possible dangers and giving instructions for protection and rescue and assistance.

In Macedonia the subjects responsible for the protection of cultural heritage, have rights, obligations and responsibilities to undertake the necessary preparatory measures for protection of the cultural heritage of the predictable consequences of armed conflicts and natural disasters. The necessary preparatory measures for protection of the cultural heritage in the event of armed conflict and natural disasters are undertaken in accordance with the domestic regulations, as well as the Hague Convention. Preparatory measures include preparation and safe keeping of documentation for the protected goods, preparation for evacuation of the protected goods, planning of emergency measures for protection against fire and destruction, purchase of equipment for proper care, entitling the responsible personnel, professional and operational teams, planning of security measures in the event of armed conflict and natural disasters. The responsible subjects are required during peacetime to undertake all necessary and appropriate measures for effective protection of cultural heritage during armed conflict. Do they really apply these legally envisaged measures? There are circumstances where the accidents can be avoided. There is a way to reduce risks and to mitigate the effects of the disaster, and to increase the resilience of society to disasters. This raises the question: whether Macedonia is prepared to effectively reduce the risk of disasters and whether the current level of organization and capability of the integrated system of protection and rescue lags significantly behind the estimated needs of the state? There are analysis and experiences, related to the issue of emergencies, showing events of natural disasters and other threats

where lack of effective system of protection and rescue of cultural heritage can be identified. One of the most important points, related to the care and preservation of tangible and intangible goods, is the necessity for higher level of awareness of cultural heritage protection. Then, institutional and organizational failures, lack of conditions for consistent implementation of the regulations, inadequate organization and implementation of preventive measures, inadequate education, professional qualification and technological discipline of available personnel, unpreparedness and low capacity of local government, underdeveloped culture of prevention, comprehensive safety system of cultural property and sites, modern methods of technical protection, lack of appropriate risk maps, outdated and unreliable equipment, insufficient resources and vehicles for rapid response in emergencies, unsatisfactory road and other infrastructure, lack of 112 system. I'd also highlight: inadequate funding of prevention and maintenance of the system of protection and rescue, insufficient cooperation and coordination among the entities in the system of protection and rescue of cultural heritage during peacetime as well as during emergencies and insufficient cooperation with NGOs, the private sector and international bodies. As a response to the warnings for the environmental changes, as well as the natural and human disasters, it has to be stressed that Macedonia has made progress in this area. However, the nature and the emergency situations still give signals for the need to face the challenges in a more prepared manner and to find new solutions to achieve security, reduction of vulnerability and increase of the resilience of the protection of the cultural wealth.

The above mentioned leads to a conclusion that the need for more effective preventive measures and activities, as well as cooperation between the state institutions responsible for care of the country's cultural heritage is apparent. Basically, the economic power of the country directs the activities of state institutions in taking preventive measures and actions to protect the cultural heritage. The activities that should be undertaken include: raising awareness of the importance of cultural heritage, organization of various types of training of the responsible institutions, exchange of experiences between domestic and international entities, pointing out the best practices, development of cross-border cooperation programs, integrated management system, management and control in emergency situations. Furthermore, capacity building through increased training for reaction in emergencies, as well as implementation of preventive measures, measures to mitigate the consequences, measures for reconstruction and repair of the consequences. All the above measures will be enforced through lectures, courses, training that should expand and refine the acquired knowledge to create better plans and programs for further implementation of measures for protection of cultural heritage. One of the main activities is an international training for first aid for cultural heritage in

times of crisis. This practical training is important for the protection of cultural heritage during complex emergencies caused by man-made or natural disasters. The system of technical support should comply with the highest safety standards, should be developed in concordance with the technological advances in all of its segments and comply with the global norms and standards. The infrastructural and information systems should also be upgraded through application of modern technology according to European Union standards. The universal 112 emergency number should be introduced and it will provide coordinated, rapid and effective intervention to help during emergencies and disasters. The non-governmental, non-profit organizations and citizens should be encouraged to get training for acivities before, during and after emergencies. It should be emphasized that one of the major obstacles to application of modern measures for protection and rescue is lack of financial assets. Therefore, stimulative measures for private sector's investment in projects related to protection of the cultural heritage should be incorporated into the legislation.

## Conclusion

Implementation of domestic legislation and international humanitarian law related to the protection of cultural heritage means undertaking joint strategy for protection of cultural heritage: rising awareness of the importance of cultural heritage, establishing pro-active and efficient framework for cooperation and coordination between subjects, increasing the accountability in the implementation of modern methods and measures for protection, provision of necessary funding to achieve developed, comprehensive, efficient and effective system for protection. Such system would result in reducing the risks and consequences of natural and other disasters, as well as armed conflicts that pose a serious threat to the cultural heritage.

## Bibliography


1. Spaseski J. *Evaluating prevention in cultural heritage protection,* Yearbook of the Faculty of security, Skopje, 2007, 11-16.
2. Gerasimoski S. *Sociological aspects of the cultural heritage protection in Republic of Macedonia,* Proceedings, Skopje, 2010, 82-91.
3. Macedonian National Committee on Monuments and Sites – ICOMOS, *Fundamental acts of UNESCO for protection of cultural heritage,* Skopje, 2006.
4. Ristov.J, *Instruments for protection of cultural heritage,* Prin Point, Skopje, 2008.

**Legislative acts**


1. Constitution of the Republic of Macedonia ("Official Gazette of RM" No. 52/91).
2. Law for cultural heritage protection ("Official Gazette of RM" No. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14 and 199/14).
3. Regulative of the special measures for protection of cultural heritage in the event of armed conflict and emergencies ("Official Gazette of RM" No. 56/08).
4. The Hague Convention for the Protection of Cultural Property in the Event of Armed Conflict from 1954.


**Web sites**


- http://uzkn.gov.mk/
- http://www.macefdrr.gov.mk/
- http://cor.europa.eu/en/activities/arlem/Documents/report-on-cultural-heritage/BS.pdf

УДК 351.853:341.24
930.85:355.01 (094.2)

**Јован РИСТОВ**
Национален конзерваторски центар

# ЗНАЧЕЊЕ И ПРИМЕНА НА ХАШКАТА КОНВЕНЦИЈА ОД 1954 ГОДИНА

*Апстракт*: Овој прилог е пригоден текст по повод одбележувањето на 60-годишнината од усвојувањето на Хашката конвенција од 1954 година. Во него се предочени клучните аспекти на системот на меѓународна заштита на културните добра во случај на вооружен судир, востановен со таа конвенција.

*Клучни зборови: вооружен судир, меѓународна заштита, чување, почитување, имунитет.*

## Историски контекст, значење и смисла на конвенцијата

### Историски контекст

Денес, на овој наш форум, одбележувајќи ја 60-годишнината од усвојувањето на *Конвенцијата за заштита на културните добра во случај на вооружен судир*, би било упатно, на самиот почеток, да се потсетиме на неколку неспорни факти, што се од значење во историски контекст.

Најпрво, тоа се податоците што се однесуваат на нејзиното усвојување. Имено, *Конвенцијата* била усвоена во Хаг, на 14 мај 1954 година, на *Меѓународната конференција за заштита на културните добра во случај на вооружен судир* (одржана во периодот 21 април-14 мај 1954 година), во организација на УНЕСКО и Владата на Кралството Холандија, со учество на 56 од вкупно поканети 86 земји членки на УНЕСКО, меѓу кои и тогашната ФНРЈ. На таа конференција биле усвоени вкупно 7 акти, од кои 3 правни и 4 политички, и тоа: *Конвенција за заштита на културните добра во случај на вооружен судир; Правилник за извршување на Конвенцијата; Протокол за заштита на културните добра во случај на вооружен судир; 3 резолуции (Резолуција I, II и III) и Финален акт. Конвенцијата* стапила во сила на 7

август 1956 година, откако претходно ја ратификувале најмалку пет држави, меѓу кои била и тогашната ФНРЈ.[1]

Тогашната *меѓународна конференција* била организирана во пресрет на 10-годишнината од завршувањето на *Втората светска војна* а по повод и во сенка на *Корејската војна* (1950-1953). Тоа е период кога на меѓународно рамниште се воспоставувале нови *меѓународни правила за вооружените судири*, вообличени во голем број *конвенции, протоколи* и други видови *меѓународни договори*. Почетоците на тој процес се поврзани со *Женевските конвенции од 12 август 1949 година*, предметни за *хуманитарната заштита на* ранетите, болните, бродоломците, воените заробеници и цивилните лица, после кои, етапно, следувале голем број *меѓународни договори* за ограничување на вооружувањето и забрана на производството и употребата на одредени видови оружје и други воени средства. Исто така, тоа е период кога на национално рамниште, во голем број земји, веќе биле донесени соодветните *споменички прописи*, а националните служби за *заштита на спомениците и старините* интензивно работеле на отстранувањето на последиците од скорешните војни.

Во таков контекст, самото одржување на предметната *меѓународна конференција* и нејзиниот исход, бездруго, претставуваат *значаен историски исчекор*. Имено, тогаш првпат, на меѓународно рамниште во светски размери, предмет на внимание била самата *хуманитарна заштита на културните добра*, сфатена, издвоена и третирана како посебно *тематско подрачје*. Пред тоа, *заштитата на таа категорија добра* била третирана како една од придружните содржини на класичните *воени меѓународни договори*, каков што е случајот со тие од 1899 и 1907 година[2], а по исклучок и во *посебни меѓународни договори*, но само на *регионално ниво*, каков што

---

[1] Поранешната ФНРЈ ја ратификувала *Конвенцијата* со посебен закон од 28.12.1955 година („Службен лист на ФНРЈ – Меѓународни договори" бр 4/56). По распаѓањето на поранешната СФРЈ, за *Република Македонија* оваа *конвенција* е во сила од 30 април 1997 година, откако на 30 октомври 1996 година бил доставен *актот за нотификација*, во огласност со *Заклучокот на Владата на Република Македонија за преземање на конвенциите што се однесуваат на областите од надлежност на УНЕСКО, а се ратификувани од поранешната СФРЈ*, бр. 23-17/26 од 15.06.1995 година.

[2] Станува збор за општи/универзални меѓународни воени договори: (а) *Конвенција за законите и обичаите на војната на копно*, со нејзиниот анекс – *Правилник за законите и обичаите на војната на копно*, од 29 јули 1899 година; (б) *Конвенција за законите и обичаите на војната на копно*, со нејзиниот анекс – *Правилник за законите и обичаите на војната на копно*, од 18 октомври 1907 година, позната уште и како – *Конвенција IV од 1907 година;* (в) *Конвенција за бомбардирањето од поморски сили за време на војна*, од 18 октомври 1907 година, позната уште и како – *Конвенција IX од 1907 г.*

е примерот со тие од 1935 година, предметни за земјите од *американскиот континент*.[3]

Во периодот меѓу двете светски војни, во неколку наврати, биле правени обиди за усвојување на *посебни меѓународни инструменти* од областа на *заштитата на културното наследство*, меѓу кои, поради нивното значење, се издвојуваат тие од 1918, 1923 и 1938 година.[4]

**Значење на Хашката конвенција**

*Историското значење на Хашката конвенција од 1954 година* се состои првенствено во тоа што таа претставува *прва успешна кодификација на посебните правила за меѓународната хуманитарна заштита на културните добра*. Всушност, со неа, во основа се потврдуваат, во мал дел се ревидираат а во значајна мера се надградуваат *правилата за заштита на културните добра во случај на војна*, содржани во наведените *хашки конвенции од 1899 и 1907 година* и, особено, тие содржани во *пактовите од 1935 година*. Притоа, самото надградување било направено првенствено со акцептирање на идеите и заложбите содржани во наведените документи од 1918, 1923 и 1938 година, но и со постигнување компромис за клучните елементи на самиот *модел на меѓународна хуманитарна заштита на културните добра*.

Така, во случајов, треба да се нагласи дека, во *Хашката конвенција од 1954 година*, тогаш првпат, како нов генерички поим за предметот на заштитата бил употребен и прифатен изразот – *културни добра*. Тоа било направено во функција на *стандардизација на спомeничката терминологија*, односно во настојување да се премости проблемот со *терминолошката идентификација*, со оглед дека на национално и меѓународно рамниште постоело вистинско шаренило од предметни изрази за идентификација на

---

[3] *Вашингтонски пакт*, од 15 април 1935 година, познат уште и како – *Рерихов пакт (Pact Roerich)*, кој всушност опфаќа 2 посебни пакта: (а) *Пакт за заштита на уметнички и научни институции и историски споменици* (предметен за 21 држава на американскиот континент) и (б) *Пакт за заштита на движните добра од историска вредност* (предметен за 6 американски земји).

[4] Станува збор за следните акти: (а) *Иницијатива за заштита на уметнините во војна*, од 1918 година (акт на *Холандското археолошко друштво*); (б) *Предлог-правила за воздушната војна*, од 1923 година (акт на т.н. *Вашингтонска правна комисија*); (в) *Нацрт-меѓународен договор за заштита на спомениците и уметничките дела во случај на вооружен судир*, од април 1938 година, (заснован врз т.н. *Проект Вичер* од 1936 година).

односната категорија материјални добра. Наедно, тогаш била стилизирана и првата официјална *меѓународна дефиниција* за поимот *културни добра*.[5]

Исто така, тогаш првпат, била утврдена и една меѓународна дефиниција за поимот *заштита на културните добра,* стилизирана во контекст на целта на *Конвенцијата.* Имено, предметниот поим бил дефиниран во неговата *пасивна и ограничена форма*, сфатен како *посебен облик на заштита*, различен од т.н. *стандардна*, односно *редовна заштита.* Во таа смисла, поимот *заштита на културните добра* го подразбира *чувањето и почитувањето на културните добра*, но не кое било *чување* ниту какво било *почитување* туку само такво кое е поврзано со *вооружен судир.* Следствено, поимот *чување* е сведен на *подготвувањето на чувањето*, односно *преземање на неопходни подготвителни мерки за време на мир заради запазување на културните добра од предвидливи последици од вооружен судир*, а поимот *почитување* е сведен на *воздржување од преземање штетни дејства против културните добра за време на вооружениот судир.* Оттаму, според оваа конвенција, поимот *заштита на културните добра* не ги опфаќа сите *мирновременски* ниту сите *заштитни активности при вооружен судир.* Исто така, тој поим не ги опфаќа ниту *поствоените заштитни активности.* Во случајов, ваквата *поимна дистинкција* е неопходна, доколку се сака да се проникне во духот на *Конвенцијата* и да се сфати нејзината смисла.

## Смисла на Конвенцијата

Смислата на донесувањето на *Хашката конвенција* од 1954 година е во создавањето, развивањето и афирмацијата на заеднички начела според

---

[5] Предметната дефиниција гласи: Во согласност со целите на оваа конвенција, како културни добра се сметаат, какво било да е нивното потекло или нивниот сопственик:

(а) движни или недвижни добра, кои се од големо значење за културното наследство на секој народ, како: споменици на архитектурата, уметноста или историјата, верски или лаички, археолошки места, збир на градби кои како целина се од историски или уметнички интерес, уметнички дела, ракописи, книги и други предмети од уметнички, историски или археолошки интерес, како и научни колекции и важни колекции на книги, архиви или репродукции на наведените добра;

(б) згради чија главна и ефективна намена е чувањето или изложувањето на движните културни добра наведени во алинејата (а), како: музеи, големи библиотеки, архивски депоа, како и скривници определени за засолнување на движните културни добра наведени во алинејата (а) во случај на вооружен судир;

(в) центри во кои се наоѓаат значаен број културни добра наведени во алинеите (а) и (б), наречени „споменички центри“ (член 1).

кои државите ќе се раководат во меѓусебните и во меѓународните односи, и тоа во специфични околности при евентуален вооружен судир, а во однос на една посебна категорија материјални добра. Оттаму, *Конвенцијата* била создадена како меѓународен правен инструмент за отстранување на опасностите од несакани последици врз културните добра и за намалување на можностите за недоразбирање меѓу државите во врска со тие добра. Накусо, нејзината смисла е во воспоставувањето систем на меѓународна заштита на културните добра во случај на вооружен судир, кој ќе обезбеди и гарантира нивна неповредливост и опстојување во такви услови.

## Меѓународна заштита на културните добра

### Основни начела: чување и почитување

Системот на *меѓународна заштита на културните добра*, воспоставен со оваа *конвенција*, всушност, е комбинација на *национални и меѓународни мерки*, профилирани како *модел на хуманитарна заштита*. Тој модел е заснован врз двете клучни начела:

- *начелото на чување на културните добра*, кое ги подразбира мерките што треба да се преземаат за време на мир и
- *начелото на почитување на културните добра*, кое ги подразбира мерките што се преземаат за време на *вооружен судир и окупација.*

Притоа, во структурата на самата *конвенција*, акцентот е ставен не толку врз *чувањето* колку што е врз сегментот на *почитувањето на културните добра*. Поточно, сегментот на *чувањето* е профилиран само делумно, за разлика од сегментот на *почитувањето*, кој е разработен толку колку што можело да се постигне неопходниот компромис во тоа време. Тоа може да се види и од споредбата на тие компоненти на самиот *модел на заштита*.

Имено, уште при создавањето на *Конвенцијата*, во поглед на *чувањето на културните добра*, од страна на *Секретаријатот на УНЕСКО* биле понудени 10 мерки, што требало да бидат прифатени како содржина на тој поим.[6] Меѓутоа, во тоа време не бил постигнат *консензус* за

---

[6] Како *нужни мерки за чување на културните добра* биле наведени следните: 1. Формирање на консултативно тело – национален комитет за примена на Хашката конвенција; 2. Формирање или определување еден орган или установа што ќе биде специјално задолжен за заштита на културните добра во воени услови; 3. Воспоставување и ажурно водење на посебен инвентар на културни добра на кои ќе се применува Конвенцијата; 4. Категоризација

прифаќање на тие мерки како *обврски на земјите членки*. Всушност, во *Конвенцијата* се утврдени само неколку *обврски за чување на културните добра,* и тоа: *1. Подготвување на чувањето уште за време на мир, со преземање на неопходните мерки што секоја земја-членка ќе ги определи како такви* (член 3); *2. Обележување на културните добра со знакот на Конвенцијата* (член 6*); 3. Внесување одредби во воените правилници и инструкции со кои ќе се обезбеди извршување на Конвенцијата* (член 7 став 1); *4. Воспитување на персоналот на вооружените сили да ги почитува културните добра на сите народи во светот* (член 7 став 1); *5. Востановување служби или персонал при вооружените сили, кој ќе биде задолжен да внимава на почитувањето на културните добра и да соработува со цивилните власти за заштита на културните добра* (член 7 став 2); *6. Утврдување модел на легитимација и лента на ракавот, за персоналот задолжен за контрола и за персоналот за заштита на културните добра* (член 21 од Правилникот).

Од друга страна, за разлика од *чувањето*, сегментот за *почитувањето на културните добра* е профилиран во неколку насоки, и тоа со:

- *воспоставување на посебна институционална рамка на меѓународната химанитарна заштита на културните добра;*
- *воспоставување имунитет на културните добра на две нивоа, односно два степени на заштита: општа и специјална заштита;*
- *утврдување на два посебни инструмента на заштита.*

*Институционалната рамка* е флексибилна, а ја сочинуваат неколку субјекти: *Сили заштитнички:* држави што ги застапуваат интересите на страните во судирот, преку нивните именувани делегати; *Генерален комесар за културните добра; Национален претставник за културни добра* на државата на чија територија се одвива вооружен судир; *Специјален претставник на окупаторот за културните добра на окупираната територија; Инспектор за културни добра; Експерти за културни добра.*

Покрај тоа, во самата *конвенција* и во *Правилникот за извршување на Конвенцијата* се утврдени два *посебни инструменти на заштита:*

---

на културните добра заштитени со Конвенцијата; 5. Обезбедување документација за културните добра, нејзино чување на сигурно место (на 3 различни локации) и задолжително микрофилмување; 6. Обезбедување на планови за евакуација, обележување на движните добра по приоритет за евакуација, организација на евакуацијата и обезбедување сооодветна амбалажа и транспорт; 7. Обезбедување на скривници за културните добра, а институциите кои чуваат движни културни добра да имаат 1-2 засолништа во исправна состојба во поглед на температура, влага, светлост, алармни уреди и сл.; 8. Обезбедување на заштита од пожар; 9. Обезбедување архитектонско-техничка заштита, конзервација и реставрација на културните добра; 10. Донесување на закони, уредби и други прописи за спроведување на Конвенцијата.

*Меѓународен список на личности квалификувани за вршење на функцијата генерален комесар за културни добра* (го води генералниот директор на УНЕСКО, по предлог на земјите-членки); *Меѓународен регистар на културни добра под специјална заштита* (што го води генералниот директор на УНЕСКО, според *Правилата за водење на Регистарот* од 18 август 1956 година, донесени од него).

**Општа заштита**

Назначеното место во самата конвенција ѝ е дадено на т.н. *општа заштита* на културните добра. Таа е основниот облик на *меѓународна заштита*, сфатен како најнизок степен на заштита, односно апсолутен минимум на хуманост во случај на вооружен судир. Таа е заснована врз 4-те основни принципи на *меѓународното воено/хуманитарно право,* предметни и за *меѓународното споменичко право*, и тоа:

- *принципот на хуманост* – да не се напаѓаат заштитени лица и објекти;
- *принципот на воена потреба* – да се напаѓаат само воени цели;
- *принципот на пропорционалност* – да не се употребува претерано воено насилство;
- *принципот на ограничување* – да се употребуваат само дозволени средства и методи на борба.

Овие принципи, во *Конвенцијата* се сублимирани и изразени како *принцип на почитување на културните добра,* кој подразбира:

- *општ имунитет на културните добра, обезбеден со Конвенцијата, а во неа изразен преку пропишаните стриктни обврски за воздржување од штетни дејства против културните добра;*
- *пропишување на забрани од страна на државите-членки;*
- *основни обврски на окупаторската сила за културните добра на окупираната територија;*
- *дозволено отстапување од општиот имунитет заради императивна воена потреба.*

*Општиот имунитет* вклучува неколку стриктни обврски за *воздржување:* 1. *Воздржување од употреба на културните добра, средствата за нивна на заштита и нивната најблиска околина, во воени цели што би можеле тие добра да ги изложат на разурнување или оштетување* (член 4 став 1); 2. *Воздржување од секаков непријателски акт насочен против културните добра* (член 4 став 1); 3. *Воздржување од реквирирање на движни културни добра кои се наоѓаат на територијата на друга земја-членка* (член 4

став 3); 4. *Воздржување од секоја репресивна мерка насочена против културните добра* (член 4 став 4). Секое отстапување од овие обврски претставува *противправно дејствие,* односно кршење на *општата забрана,* а со тоа и *меѓународна повреда,* поточно – *повреда на Конвенцијата.* Завојуваните страни не се ослободени од овие обврски дури и во случаите кога спротивната страна не ги презела *нужните мерки за чување на културните добра* (член 4 став 5). Од првите две обврски може да се отстапи само по исклучок, кога е во прашање *императивна воена потреба* (член 4 став 2).

Во случајот, слаба точка на *Хашката конвенција од 1954 година* е тоа што, во неа, не е разработено прашањето за *одземањето на општиот имунитет* по основ на *императивна воена потреба.* Тој недостаток, како правна празнина, е надминат со *Вториот протокол на Хашката конвенција* од 1999 година.[7] Конкретно, *императивната воена потреба*, како легална основа за воен напад врз *културно добро под општа заштита,* според *Вториот протокол*, подразбира две различни ситуации на отстапување од обврската за *почитување на културните добра*, и тоа:

1. *Императивна воена потреба се смета не која било ситуација провоцирана со употреба на културното добро во воени цели, туку само ако покрај тоа, кумулативно, нема друг начин за постигнување воена предност (член 6 став 1 од Вториот протокол* в.в. член 4 став 2 од *Конвенцијата);*
2. *Императивна воена потреба се смета и потребата од постигнување воена предност, без оглед што културното добро под општа заштита може да биде оштетено или уништено и без оглед што истото по функција не е претворено во воен објект* (член 6 став 2 од *Вториот протокол* в.в. член 4 став 2 од *Конвенцијата);*

Во двата случаја, одлука за преземање воена мерка донесува шеф на формација со големина на баталјон, со тоа што:

- во првиот случај, според околностите, треба да се направи благовремено предупредување на спротивната страна а во вториот случај – отстапувањето не е условено со такво предупредување;
- мора да се имаат предвид и мерките на претпазливост при напад, особено: (а) при изборот на целта на нападот да се

[7] *Вториот протокол* бил усвоен на 26 март 1999 година во Хаг, на *Дипломатската конференција* организирана за таа цел, а влегол во сила на 9 март 2004 година. *Република Македонија* го ратификувала овој *протокол* со закон од 23 јануари 2002 година („Службен весник на РМ – Меѓународни договори“ бр. 13/2002).

провери дали се работи за културно добро под општа заштита; (б) при изборот на средствата и начинот на напад да се внимава со нив да се нанесат минимални штети; (в) откажување од нападот ако штетата би ја надминала очекуваната воена предност (член 7 алинеа 1, 2 и 3 од Вториот протокол).

Во наведената смисла, *општата заштита на културните добра во случај на вооружен судир* не е безусловна ниту неповредлива. Напротив. Таа и натаму е подредена на *императивната воена потреба*, како *приоритетен јавен интерес во воени услови*, без оглед на пропишаните *ограничувања на воената потреба* и *гарантирањето на општиот имунитет на културните добра*.

*Општата заштита* ги вклучува и обврските на државите-членки *да забранат, спречат или запрат:*

- *секое дело на кражба, пљачка или злоупотреба на културните добра во која било форма;*
- *секој акт на вандализам насочен против културните добра* (член 4 став 3 од Конвенцијата).

**Специјална заштита**

Одделно од *општата заштита*, во самата *конвенција* и нејзиниот *правилник*, посебно внимание е посветено и на повисокиот степен на *меѓународна заштита*, официјално наречена *специјална заштита.*
*Специјалната заштита на културните добра* подразбира:

- *посебен меѓународен имунитет на селектирани културни добра – скривници, споменички центри и други недвижни добра од многу високо значење, запишани во Меѓународниот регистар на културни добра под специјална заштита, под услов: (а) да се наоѓаат на доволно растојание од чувствителни точки и (б) да не бидат употребувани во воени цели* (член 8);
- *посебен меѓународен имунитет за транспорт под специјална заштита* (член 12):
- *посебен меѓународен имунитет за транспорт во итни случаи* (член 13);
- *посебен меѓународен имунитет од запленување, пљачкање и одземање на културни добра и транспортни средства заштитени според член 12 и 13 од Конвенцијата* (член 14).

*Специјалната заштита*, а со тоа и самиот *меѓународен имунитет*, се стекнува (добива) во посебни процедури за: недвижните културни добра, специјалниот транспорт и итниот транспорт.

*Специјалната заштита* подразбира:

- *задолжително означување со знакот на Конвенцијата, повторен 3 пати;*
- *достапност за меѓународна контрола од овластените лица.*

Стекнатиот *посебен меѓународен имунитет на недвижно културно добро* може да биде *одземен* само во исклучителни случаи, и тоа:

1. *Кога едната страна не се придржува кон обврската за обезбедување на имунитетот, односно кога културното добро се користи за воени цели, додека таквото нарушување трае, а спротивната страна, секогаш кога тоа е можно, во разумен рок, побарала согласност за одземање на имунитетот* (член 11 став 1);
2. *Кога постои неизбежна воена потреба и додека таквата потреба трае, а неа ја утврдил командант на формација еднаква или поголема од дивизија и тоа благовремено ѝ е соопштено на противничката страна* (член 11 став 2).

*Неизбежна воена потреба* се смета онаа потреба која дозволува употреба на воена сила против *културно добро под специјална заштита,* без оглед што тоа добро или неговата околина не се користат од спротивната страна во воени цели.

Гледано во целина, дури и кај *специјалната заштита, Хашката конвенција од 1954 година* не обезбедува безусловно предимство на *заштитата на културните добра* како неспорен и меѓународно признат *јавен интерес*. Таа може да се остварува само во мера што не го загрозува *повисокиот јавен интерес – воената потреба (императивна или неизбежна),* сфатена како *интерес што дозволува употреба на вооружени сили заради совладување на непријателот, односно извршување на воената задача, макар и на штета на заштитените културни добра.*

## Наместо заклучок

*Хашката конвенција од 1954 година* е еден од важечките меѓународни инструменти за заштита на културните добра во случај на вооружен судир. Таа содржи одредени правила за *меѓународна заштита на културните добра* во таквите случаи. Тие правила, пак, не ја исклучуваат можноста за напад врз кулурните добра поради императивна и неизбежна воена потреба.

Оттаму, смислата на *принципот на чувањето на културните добра* и значењето на *обврските за мирновременските неопходни подготвителни мерки* стануваат пропорционално поизразени. Имено, би било сосем парадоксално, од непријателот и неговата војска да се очекува и да се бара да бидат позагрижени од надлежните домицилни власти за нивните културни добра, ако тие самите не ги презеле благовремено соодветните *нужни подготвителни мерки за чување на сопственото културно наследство.* Тој парадокс, како синдром, за жал, и натаму е белег на нашиот однос кон *националното културно наследство*, со оглед дека во најдиректна форма дојде до израз и за време на *немеѓународниот вооружен судир* во Република Македонија во 2001 година. Оштетувањето и уништувањето на голем број споменици на културата за време на тој вооружен судир, меѓу другото, го предочија сознанието дека допрва ни претстојат сериозни зафати токму во поглед на *примената на Хашката конвенција од 1954 година*. Имено, спроведувањето на значаен дел од преземените обврски од *Конвенцијата* и натаму е отворено прашање и реално присутен проблем.

**Литература**


1. Василески, Воислав, *Меѓународно воено право*, Скопје, 1988.
2. Василески, Воислав, *Меѓународно хуманитарно право*, Скопје, 2002.
3. Konopka, Jean, *La protection des biens cilturels en temps de guerre et de paix d'après les conventions internationales (multilatérales): Recueil de textes*, Genève, 1997.
4. Ристов, Јован, „Ревизија на Хашката конвенција од 1954 година“, *Културно наследство*, Скопје, Републички завод за заштита на спомениците на културата, 24-25 (1997-1998), 1999, 239-250.
5. Ристов, Јован, *Хашкиот протокол од 1999 година: заштита на културните добра во случај на вооружен судир*, Скопје, 2002.
6. Ristov, Jovan, „Legal Aspects of Protection of Cultural Heritage in the Case of Non-international Armed Conflict“, *Heritage at Risk: ICOMOS World reports 2002/2003 on Monuments and Sites in Danger*, ICOMOS, 2003, 133-134.
7. Toman, Jiři, *The protection of Cultural Property in the Event of Armed Conflict*, UNESCO, 1996.
8. UNESCO, *Rules established by the Director-general of UNESCO concerning the International Register of Cultural Property under Special Protection*, CL/1136 – G, 1956.
9. UNESCO, *Draft provisions for the revision of the 1954 Hague Convention and commentary from the UNESCO Secretariat*, CLT 97/CONF. 208/2.

UDC 351.853:341.24
930.85:355.01 (094.2)

**Jovan RISTOV**
National conservation center, Skopje

# SIGNIFICANCE AND APPLICATION OF THE HAGUE CONVENTION 1954

*Abstract:* This article presents the key aspects of the system of international protection of cultural property in the event of armed conflict, established by the Hague Convention of 1954. It is written in the name of the 60th anniversary of the adoption of the Convention.

*Keywords:* armed conflict, international protection, safeguarding, respect, immunity.

## Historical context, significance and the meaning of the convention

### Historical context

The convention has been adopted in the Hague, on May 14th 1954, at the Intergovernmental Conference on the Protection of Cultural Property in the event of Armed Conflict (held in the period 21 April to 14 May 1954), organized by UNESCO and the Government of the Kingdom of the Netherlands. There were 56 UNESCO Member States, among which was the then FNRY, participating at the Conference, out of 86 states invited. At the Conference 7 treaties and documents were adopted – 3 legal and 4 political, namely: Convention for the Protection of Cultural Property in the Event of Armed Conflict; Regulation for the execution of the Convention; Protocol for the Protection of Cultural Property in the Event of Armed Conflict; 3 resolutions (Resolution I, II and III) and Final Act. The Convention entered into force on 7th

August 1956, after at least 5 States had ratified it, among which was the then FNRY.[8]

The International Conference was organized on the eve of the 10th anniversary of the Second World War, and on occasion and in the shadow of the Korean War (1950-1953). It is a period when new rules for international armed conflicts have been established on the international scene, shaped in many conventions, protocols and other international agreements. The beginnings of this process are related to the Geneva Conventions of 12 August 1949, on the humanitarian protection of the wounded, sick, shipwrecked, prisoners of war and civilians. After this, number of international agreements on arms limitation and prohibition of production and use of certain types of weapons and other military equipment have been adopted in phases. Also, it is a period when on national level many countries already adopted relevant regulations on monuments, and the national services for protection of monuments and antiquities intensively worked on alleviating the consequences of the recent wars.

In such context, the mere holding of the International Conference on the Protection of Cultural Property and its outcome, represent an important historical step. In fact, it was the first time that the humanitarian protection of cultural property was understood and treated as a separate area on the international level. Before that, the protection of cultural property was treated within the framework of the military international agreements, as are those from 1899 and 1907[9], and as an exception in specific international agreements,

[8] The former FNRY had ratified the Convention with special Law of 28.12.1955 ("Official gazette of FNRY – International treaties" No. 4/56). After the fall of the former SFRY, this Convention entered into force in Republic of Macedonia on 30th April 1997. It followed after the submission of the notification act on 30th October 1996, in accordance with the *Conclusion of the Government of the Republic of Macedonia for succession of the conventions related to the areas under jurisdiction of UNESCO, which had been ratified by the former SFRY*, No. 23-17/26 of 15.06.1995.

[9] General/universal international military treaties: (a) Convention (II) with Respect to the Laws and Customs of War on Land and its annex: Regulations concerning the Laws and Customs of War on Land. The Hague, 29 July 1899; (b) Convention respecting the Laws and Customs of War on Land and its annex: Regulations concerning the Laws and Customs of War on Land. The Hague, 18 October 1907 – known as the Convention IV of 1907; (c) Convention concerning Bombardment by Naval Forces in Time of War. The Hague, 18 October 1907 - known as the Convention IX of 1907.

but only at regional level, such as those of 1935[10], related to the countries of the American Continent.

In the period between the two World Wars, attempts have been repeatedly made to adopt special international instruments in the field of protection of cultural heritage, among which, of particular importance are the ones from 1918, 1923 and 1938.[11]

**Significance of the Hague convention**

The historical significance of the Hague Convention of 1954 is primarily in that it represents the first successful codification of specific rules for international aid to protect cultural property. In fact, it basically re-affirms, to a small extent reviews and, significantly upgrades the rules for protection of cultural property in the event of war, set up in the Hague Conventions of 1899 and 1907 and, in particular, those contained in the Covenants of 1935. The actual improvement was primarily done by accepting the ideas and commitments contained in the documents from 1918, 1923 and 1938, but also by reaching a compromise on the key elements of the model of international humanitarian protection of cultural goods.

Thus, in this case, it should be stressed that the term cultural property, as a generic term for the subject of protection, was first used and accepted at the Hague Convention of 1954. It was in function of standardization of monumental terminology, or to overcome the problem of terminology identification, given that nationally and internationally there was real variety of expressions to identify the relevant category of goods. At the same time, the first official international definition of cultural goods was styled.[12]

---

10. The Washington Pact, of 15 April 1935, known as the Roerich Pact, which actually entails two separate pacts: (a) Treaty on the Protection of Artistic and Scientific Institutions and Historic Monuments (relevant for 21 States at the American Continent) and (b) Treaty for Protection of Movable Property of Historical Value (relevant for 6 American States).
11. (a) Initiative for protection of artists in war, from 1918 (act of the Dutch archeological society); (b) Draft-rules on air warfare, form 1923 (act of the so-called Washington Commission of Jurists); (в) Draft-international contract for protection of monuments and artworks in the event of armed conflict, from April 1938 (according to the so called Project Witcher from 1936).
12. The definition is as follows: "For the purposes of the present Convention, the term `cultural property' shall cover, irrespective of origin or ownership:
(a) movable or immovable property of great importance to the cultural heritage of every people, such as monuments of architecture, art or history, whether religious or secular; archaeological sites; groups of buildings which, as a whole, are of historical or artistic interest; works of art;

Also, an international definition of the term "protection of cultural property", styled in the context of the purpose of the Convention, was first established then. Namely, this term was defined in its passive and limited form, understood as a special form of protection, different from the so-called standard or regular care. In that sense, the expression *protection of cultural goods* implies *safeguarding of and respect for cultural property*, but not any safeguarding nor any respect, but only the ones associated with an armed conflict. Consequently, the term *safeguarding* is limited to "preparations", i.e. taking appropriate preparatory measures in time of peace for the safeguarding of cultural property situated within countries' own territory against the foreseeable effects of an armed conflict. The term *respect* is limited to refraining from taking destructive actions against cultural property during armed conflict. Therefore, according to this Convention, the term *protection of cultural property* does not cover all peace-time, nor all protective actions during armed conflict. Also, the term does not cover the *post-war protective activities*. In this case, this terminology distinction is necessary, if one wants to penetrate into the spirit of the Convention and understand its meaning.

**Meaning of the Convention**

The meaning of the adoption of the Hague Convention of 1954 is in the creation, development and promotion of common principles that States shall follow in their bilateral and international relations, in specific circumstances in the event of armed conflict, and in relation to a specific category of material property. Hence, the Convention was created as an international legal instrument to remove the dangers of adverse consequences on cultural goods and reduce the possibilities for misunderstanding between states regarding those goods. In short, its meaning is to establish a system of international protection of cultural property in the event of armed conflict, which will ensure and guarantee their integrity and survival in such conditions.

---

manuscripts, books and other objects of artistic, historical or archaeological interest; as well as scientific collections and important collections of books or archives or of reproductions of the property defined above;
(b) buildings whose main and effective purpose is to preserve or exhibit the movable cultural property defined in sub-paragraph (a) such as museums, large libraries and depositories of archives, and refuges intended to shelter, in the event of armed conflict, the movable cultural property defined in sub-paragraph (a); (c) centers containing a large amount of cultural property as defined in sub-paragraphs (a) and (b), to be known as `centers containing monuments'." (article 1).

## International protection of the cultural property

## Basic principles: safeguarding and respect

The system of international protection of cultural objects, established by this Convention is in fact a combination of national and international measures, profiled as a model of humanitarian protection. This model is based on two key principles:

- the principle of safeguarding the cultural property, which includes measures to be taken during peace-time and
- the principle of respect for cultural property, which includes measures taken during armed conflict and occupation.

Thereby, in the Convention the emphasis was placed not so much on safeguarding of, as on the segment of respect for cultural property. More precisely, the safeguarding segment was profiled only partially, unlike the segment of respect, which was designed to a degree to achieve the necessary compromise at the time. It can be seen from the comparison of these components on the model of protection itself.

While the Convention has been created, 10 measures were offered by the Secretariat of UNESCO related to safeguarding of cultural property[13]. However, at that time there was no consensus to accept these measures as obligations of the Member States. In fact, the Convention provides just few obligations for safeguarding of cultural property, including: 1. preparation in time of peace for the safeguarding of cultural property, by taking such measures as they consider appropriate (article 3); 2. Designation of cultural property with the emblem of

---

13 The following had been stated as necessary measures for safeguarding of cultural goods: 1. Establishment of a consulting body – national committee for implementation of the Hague Convention; 2. Establishment or determination of one authority or institution, which will be specifically responsible for protection of cultural property during hostilities; 3. Establishment and timely keeping of special inventory of cultural property, subject of the Convention; 4. Categorization of cultural property protected by the Convention; 5. Providing of documentation for the cultural property, it's safekeeping (on 3 different locations) and obligatory microfilming; 6. Developing plans for evacuation, designating movable goods by their priority for evacuation, organization of the evacuation and provision of appropriate packaging and transportation; 7. Providing refuges for the cultural property, and each institution which has movable cultural property should have 1-2 refuges in good conditions in terms of room temperature, humidity, light, alarm systems etc.; 8. Ensuring fire protection; 9. Providing architectonic- technical protection, conservation and restoration of cultural goods; 10. Adopting laws, byelaws and other regulative for implementation of the Convention.

the Convention (article 6); 3. introducing into their military regulations or instructions such provisions as may ensure observance of the present Convention (article 7, paragraph 1); 4. fostering in the members of their armed forces a spirit of respect for the culture and cultural property of all peoples (article 7, paragraph 1); 5. establishing within their armed forces, services or specialist personnel whose purpose will be to secure respect for cultural property and to co-operate with the civilian authorities responsible for safeguarding it (article 7, paragraph 2); 6. Determining a model of identity card and armlet for the competent authorities for control and authorities for protection of cultural property (article 21 of the Regulations).

On the other hand, unlike safeguarding, the segment of respects of cultural property is profiled into several directions, namely:

- establishment of a special institutional framework of international humanitarian protection of cultural property;
- establishing immunity of cultural property on two levels, i.e. two levels of protection: general and special protection;
- establishment of two separate instruments of protection.

The institutional framework is flexible, comprised of several subjects: *Protecting powers:* States safeguarding the interests of the Parties in conflict, through their appointed delegates; Commissioner-General for cultural property; National representative for cultural goods of the State which territory is involved in the conflict; Special representative appointed by the State in occupation of another territory for cultural property on the occupied territory; Inspector for cultural property; Experts for cultural property. Despite this, in the Regulations for the execution of the Convention itself, two separate instruments for protection are provided: international list consisting of all persons qualified to carry out the functions of Commissioner-General for Cultural Property (compiled by the Director General of UNESCO, on the proposal of the States Parties); International Register of Cultural Property under Special Protection (maintained by the Director General of UNESCO, according to the Regulations for maintaining of the Register from 18th August 1956, proposed by himself).

**General protection**

The *general protection of cultural property* is given the most important place in the Convention. It is the basic form of international protection, understood as the lowest level of protection that is the absolute minimum of humanity in the event of armed conflict. It is based on 4 basic principles of international

military / humanitarian law, which can also apply to international monumental law:

- principle of humanity - not to attack protected persons and objects;
- principle of military necessity - to attack only military targets;
- principle of proportionality - not to use excessive military force;
- principle of limitation - only use permissible means and methods of combat.

These principles in the Convention are summarized and expressed as a principle of respect of cultural goods, which covers:

- ensuring the immunity of cultural property under special protection by strict obligation for refraining from any act of hostility directed against such property;
- prohibitions by the State Parties;
- basic responsibilities by the occupying force towards the cultural property at the occupied territory;
- waiver of the obligations for general immunity due to imperative military necessity.

The general immunity entails few strict refraining obligations: 1. refraining from any use of the cultural property and its immediate surroundings or of the appliances in use for its protection for purposes which are likely to expose it to destruction or damage in the event of armed conflict (article 4, par. 1); 2. refraining from any act of hostility, directed against such property (article 4, par. 1); 3. refraining from requisitioning movable cultural property situated in the territory of another High Contracting Party (article 4, par. 3); 4. refraining from any act directed by way of reprisals against cultural property (article 4, par. 4). Any evading of these obligations is unlawful act, disrespect of the general prohibition, and subsequently an international criminal act, or violation of the Convention. No High Contracting Party may evade these obligations, in respect of another High Contracting Party, by reason of the fact that the latter has not applied the measures of safeguard of cultural property (article 4, par. 5). The first two may be waived only in cases where military necessity imperatively requires such a waiver (article 4, par. 2).

In this case, the weak point of the Hague Convention of 1954 is that the issue of cancelation of the general immunity on the basis of imperative military necessity is not elaborated. This shortcoming, as a legal gap, is overcome with

the Second Protocol to the Hague Convention of 1999[14]. More precisely, the imperative military necessity as a legal basis for a military attack on a cultural property under general protection, according to the Second Protocol, covers two different situations of waiving from the obligation to respect cultural property, namely:

1. Imperative military necessity is not just any situation provoked by use of a cultural property as a military objective, but only when there is no feasible alternative available to obtain a similar military advantage (article 6, par. 1 of the Second Protocol and article 4 par. 2 of the Convention);
2. Imperative military necessity is also the need for obtaining military advantage, no matter if the cultural property under general protection can be damaged or destroyed and no matter that it is not made into a military objective (article 6, par. 2 of the Second Protocol and article 4 par. 2 of the Convention).

In both cases, the decision to invoke imperative military necessity shall only be taken by an officer commanding a force the equivalent of a battalion in size or larger, and:

- In the first case, according to the circumstances, the opposing party should be given an effective advance warning, and in the second case – the waiver is not limited by such advance warning;
- The precautions in attack have to be undertaken, particularly: (a) to verify that the objectives to be attacked are not cultural property under general protection; (b) take all feasible precautions in the choice of means and methods of attack with a view to minimize the damage to cultural property; (c) cancel the attack on cultural property if it becomes apparent that the expected damage would be excessive in relation to the military advantage anticipated (article 7. 1, 2 and 3 of the Second Protocol).

In that sense, the general protection of cultural property in the event of armed conflict is not unconditional or invulnerable. On the contrary. It is still subordinated to the imperative military necessity, as a priority public interest in military conditions, regardless of the envisaged limitations of military necessity and guaranteeing the general immunity of cultural property.

---

[14] The Second Protocol is adopted on 26 March 1999 in Hague, on the Diplomatic conference organized for that purpose. It entered into force on 9 March 2004. Republic of Macedonia has ratified this Protocol with the Law of 23 January 2002 ("Official Gazette of RM – International treaties" N. 13/2002).

The general protection also involves the obligations of the State Parties to prohibit, prevent and put a stop to:

- any form of theft, pillage or misappropriation of cultural property in any form;
- any acts of vandalism directed against cultural property (article 4 par. 3 of the Convention).

**Special protection**

Special attention in the Convention and its Regulations is placed on the higher level of international protection, officially named as *special protection,* different from the *general protection.*

The special protection of cultural property covers:

- special international immunity of selected cultural property - refuges, centers containing monuments and other immovable cultural property of very great importance, recorded in the International Register of Cultural Property under Special Protection, provided that they: (a) are situated at an adequate distance from a vulnerable point, and (b) are not used for military purposes (article 8);
- special international immunity for transport under special protection (article 12);
- special international immunity for transport in urgent cases (article 13);
- special international immunity from seizure, placing in prize, or capture to cultural property and means of transport enjoying the protection provided for in article 12 or article 13 of the Convention (article 14).

The special protection, and the international immunity itself, is granted following special procedures for: immovable cultural property, special transport and urgent transport.
The special protection covers:

- obligatory marking with the emblem of the Convention, repeated 3 times;
- openness for international control by authorized personnel.

The acquired special international immunity of immovable cultural property can be withdrawn only in exceptional cases, such as:

1. If one of the Parties commits, in respect of any item of cultural property under special protection, a violation of the obligations to

ensure the immunity of the property, i.e. when the property is used in military purposes, and the opposing Party has, so long as this violation persists, whenever possible, requested the cessation of immunity within a reasonable time (article 11, par. 1).

2. In exceptional cases of unavoidable military necessity, and only for such time as that necessity continues. Such necessity can be established only by the officer commanding a force the equivalent of a division in size or larger. Whenever circumstances permit, the opposing Party shall be notified, a reasonable time in advance, of the decision to withdraw immunity (article 11, par. 2).

Unavoidable military necessity is only the necessity which allows military attack on a cultural property under special protection, regardless of whether this property or its immediate surroundings is used in military purposes by the opposing party.
Overall, even with special protection, the Hague Convention of 1954 does not provide unconditional priority to the protection of cultural property as indisputable and internationally recognized public interest. It can be exercised only to the extent that it does not endanger the higher public interest - military necessity (imperative or inevitable), understood as the interest that allows the use of armed forces to overcome the enemy or performing military task, albeit at the expense of protected cultural goods.

**Instead of conclusion**

The Hague Convention of 1954 is one of the relevant international instruments for the protection of cultural property in the event of armed conflict. It contains specific rules for the international protection of cultural property in such cases. These rules, however, do not exclude the possibility of an attack on cultural property, due to imperative and unavoidable military necessity.
Hence, the meaning of the principle of safeguarding of cultural property and the importance of peace-time commitments for necessary preparatory measures become proportionately more significant. Namely, it would be quite paradoxical, the enemy and his army to be expected to be more concerned for the cultural property than the competent domicile authorities, if they themselves hadn't undertaken the appropriate necessary preparatory measures for safeguarding their own cultural heritage. This paradox, as syndrome, unfortunately, remains a hallmark of our relationship to the national cultural heritage, given the example of the internal armed conflict in Macedonia in 2001. The damage and destruction of many cultural monuments during that armed conflict, among others, demonstrated the need for serious actions

related to the implementation of the Hague Convention of 1954. Namely, the implementation of a significant part of the obligations undertaken with the adoption of the Convention remains an open question and presents a real problem.

## Bibliography


- Vasileski, Voislav, *Megunarodno voeno pravo*, Skopje, 1988.
- Vasileski, Voislav, *Megunarodno humanitarno pravo*, Skopje, 2002.
- Konopka, Jean, *La protection des biens cilturels en temps de guerre et de paix d'après les conventions internationales (multilatérales): Recueil de textes*, Genève, 1997.
- Ristov, Jovan, „Revizija na Haskata konvencija od 1954 godina", *Kulturno nasledstvo,* Skopje, Republicki zavod za zastita na spomenicite na kulturata, 24-25 (1997-1998), 1999, 239-250.
- Ristov, Jovan, *Haskiot protokol od 1999 godina: zastita na kulturnite dobra vo slucaj na vooruzen udir,* Skopje, 2002.
- Ristov, Jovan, „Legal Aspects of Protection of Cultural Heritage in the Case of Non-international Armed Conflict", *Heritage at Risk: ICOMOS World reports 2002/2003 on Monuments and Sites in Danger*, ICOMOS, 2003, 133-134.
- Toman, Jiři, *The protection of Cultural Property in the Event of Armed Conflict*, UNESCO, 1996.
- UNESCO, *Rules established by the Director-general of UNESCO concerning the International Register of Cultural Property under Special Protection*, CL/1136 – G, 1956.
- UNESCO, *Draft provisions for the revision of the 1954 Hague Convention and commentary from the UNESCO Secretariat*, CLT 97/CONF. 208/2.

УДК 351.853:061.2 (094.2)

**Крсте Богоески**
Институт за етнологија и антропологија
УКИМ – Природно – математички факултет

# НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ВТОРИОТ ПРОТОКОЛ ОД ХАШКАТА КОНВЕНЦИЈА

*Апстракт*: Во трудот ќе биде посочено значењето на Вториот протокол на Хашката конвенција од 1954 година за заштита на културните добра за време на воени дејства. Во трудот се наведени видовите на заштита на културното наследство и Водичот на UNESCO за имплементација на Вториот протокол. Потоа следат трите стручни невладини организации во Македонија, националните комитети на Синиот штит, на ICOM и на ICOMOS, кои во своите програми за работа ги опфаќаат активностите поврзани со имплементацијата на Вториот протокол во Република Македонија. Особено програмата на Синиот штит ги опфаќа сите елементи на Водичот на UNESCO за имплементација на Вториот протокол.

*Клучни зборови:* Втор протокол, имплементација, невладини организации

Познато е дека културното наследство може да биде загрозено од дејства на природата или од човекот. Воените дејства, како резултат на дејства на човекот, влијаат за оштетување или за уништување на културните добра. Такви примери во светот има во подрачјата каде што се војува, а такви примери и кај нас има по внатрешниот воен судир во 2001 година. Заштитата на културните добра во воени услови се обезбедува со меѓународното и со националните законодавства. Во таа смисла, Хашката конвенција од 1954 со Првиот протокол и Вториот протокол од 1999 година, сочинуваат рамка која опфаќа заштита на културното наследство за време на воен конфликт.

Со Вториот протокол се обезбедува зајакнување на обврските за заштита на културните добра од воени дејства. Инаку, уништувањето на културните добра претставува криминално дело што се казнува со одредби од Меѓународниот суд и со одредби од националните законодавства. Во Македонија тоа е санкционирано во чл. 404 од Кривичниот закон.

Вториот протокол предвидува два вида заштита, итоа општа и засилена заштита. Одредбите на општата заштита (чл. 5) опфаќаат: подготовка на инвентар, планирање итни мерки за заштита против пожар и структурен колапс, подготовка за евакуација на подвижното културно наследство или одредби за адекватна in situ заштита на таквото наследство, назначување надлежни органи одговорни за заштита на културното наследство. Засилената заштита предвидува: изработка на инвентар, листа на културни добра, ознаки на добрата.

**Имплементација на Вториот протокол**

Имплементацијата на Вториот протокол е доверена на Комитет за заштита на културните добра во случај на вооружен судир. Комитетот соработува со владини и невладини организации со слични цели. Во таа смисла тој повикува професионални организации како консултанти. Во чл. 27 од Протоколот посебно е нагласен Меѓународниот комитет на Синиот штит.

Во Македонија невладини организации со слични цели на Комитетот се: МНК СИН ШТИТ, МНК ИКОМ и МНК ИКОМОС. Овие организации иницираат, обединуваат, ангажираат и дејствуваат во согласност со статутарните определби. Тие не ја преземаат улогата на институциите во заштитата на културните добра, но, помагаат во успешниот одговор на катастрофи, за спречување или за ублажување на последиците. Тие претставуваат совест на струката.

Според Водичот на УНЕСКО за имплементација на Протоколот, предвидени се: дисеминација (чл. 30) и мониторинг. Дисеминацијата предвидува едукација, информација и оспособување на воените и цивилните власти за почитување на Вториот протокол. Мониторингот предвидува: правна, административна, воена и практична имплементација.

**Невладините организации во Македонија и имплементацијата**

Сакаме да нагласиме дека елементи од Водичот за имплементација на УНЕСКО во изминатиот период во Македонија веќе се извршуваат. Во таа смисла преку разни форми на дејствување се врши едукација, информација, подигање на свеста, се даваат стручни совети за значењето на културното наследство, како и стручни совети за методите на заштита. Исто така,

четирите елементи на мониторингот: правна, административна, воена и практична имплементација, се вршат, некаде повеќе а некаде помалку. Еве само неколку примери на дејствување на трите невладини стручни организации во Македонија, кои се поврзани со имплементацијата на Вториот протокол на Хашката конвенција од 1954 година.

МНК ИКОМОС:

- Мониторинг за време и по конфликтот во 2001 година
- Голема регионална конференција во 2002 година, на тема: Културното наследство во опасност за време на вооружени судири – студија на случајот Македонија, од која произлезе т.н. Охридска декларација;
- Подготовка на законски и подзаконски акти поврзани со заштитата на културните добра во опасност;
- Во повеќе наврати, организирање стручни советувања поврзани со заштитата на културното наследство.

МНК ИКОМ:

- Превентивна заштита на културното и природното наследство во музеите на Македонија во 2007 година;
- Регионална работилница во 2007 година на тема: Тимска работа за заедничко управување во кризни ситуации;
- Организација и учество на Регионалната конференција на Југоисточна Европа во Ниш во 2012 година, на тема: Проценка на ризикот на културното и природното наследство во регионот на Југоисточна Европа;
- Изработка стандарди за музејската документација во 2005 година;
- Прирачник за постапки во итни ситуации во 2013 година.

МНК СИН ШТИТ во соработка со МНК ИКОМ, МНК ИКОМОС:

- Мониторинг на спомениците на културата во подрачјата зафатени со воени дејства по 2001 година (2003 и 2004);
- Преку средствата за јавно информирање, подигање на свеста за чување на културните добра;
- Изработка на два постери (2004 и 2012 година) за подигање свеста кај младите за заштита на културните добра;
- Посебни мерки за заштита на културното наследство во опасност (Форум 2005);
- Во повеќе наврати, учество во подготовка на законски и подзаконски акти поврзани со заштитата на културните добра;

- Појдовни основи за изработка на методологија за проценка штети по природни и катастрофи предизвикани од човекот (2006);
- Изработка на Уредба за посебни мерки за заштита на културното наследство во воена и вонредна состојба (2006);
- Едукација на стручните лица за заштита на културното наследство во природни катастрофи (Форум 2007);
- Во повеќе наврати давана иницијатива за брза апликација на симболот на Хашката конвенција врз спомениците на културата. Но, работата сеуште не е завршена;
- Исто така, во повеќе наврати давана иницијатива за ажурирање на плановите за заштита на културните добра во институциите од културата;
- Состојбата со стручниот кадар во музеите и конзерваторските центри во Македонија (Форум 2008)
- Сакралното културно наследство во Македонија во случај на војна и вонредна состојба: релации, имател – корисник – заедница (Форум 2009)
- Заштита на културното наследство во вонредни околности (Форум 2010)
- Заштитна инфраструктура за управување со вонредни состојби поврзани со културното наследство (Форум 2010)
- Мапирање на загрозеноста на културното наследство во музеите на Македонија. (Истражувачки проект 2009-2010 година, од кого произлегоа и два форуми во наредните години);
- Состојба на културното и природното наследство во музеите на Македонија (Форум 2011);
- Заштита на културното наследство во музеите на Македонија – состојби и искуства (Форум 2012).

Од изложеното се гледа дека ние во рамките на невладините стручни организации даваме иницијативи, ги поттикнуваме работите стручно и ефикасно да се вршат, поттикнуваме законската основа да се усовршува, превентивно дејствуваме во подготовките за одговор на одделни катастрофи, вршевме мониторинг на културните добра по внатрешниот воен судир во 2001 година и во други прилики, влијаеме за подигнување на свеста преку форуми, советувања, преку средствата за јавно информирање, преку постери и слично. Во некои сегменти имаме и конкретни резултати, но, во некои не. Свесни сме дека е тешка и напорна задачата и дека треба да бидеме упорни во постигнување на поставените цели во интерес на заштитата на културните добра во вонредни и воени услови.

Напред изложеното покажува дека невладините стручни организации играат значајна улога во имплементацијата на Вториот протокол на Хашката конвенција. Но, потребно е градење на стратегија за интегрирана заштита на културните добра во вонредна состојба со акциски план. Стратегијата треба да претставува:

- Национална промоција на Хашката конвенција
- Извор за национална политика за развој
- Извор на совети
- Обезбедување национална експертиза за обука и слично

Како партнери на Министерството за култура го даваме стручниот дел и ентусијазам и очекуваме уште повеќе да бидеме поддржани од нашето министерство, а во интерес на заштитата на културното наследство на нашата земја.

**Литература**


- Convention for the Protection of Cultural Property in the Event of Armed Conflict with Regulations for the Execution of the Convention 1954
- Second Protocol to the Hague Convention of 1954 for the Protection of Cultural Property in the Event of Armed Conflict 1999
- Ристов, Јован*, Хашкиот протокол од 1999 година – заштита на културните добра во случај на вооружен судир*, Скопје, 2002.

UDC 351.853:061.2 (094.2)

**Krste BOGOESKI**
Institute of Ethnology and Anthropology
UKIM, Faculty of Natural Sciences and Mathematics, Skopje

# THE NON-GOVERNMENTAL ORGANIZATIONS AND THE IMPLEMENTATION OF THE SECOND PROTOCOL OF THE HAGUE CONVENTION

*Abstract:* This paper will highlight the importance of the Second Protocol to the Hague Convention of 1954 for the protection of cultural property during military operations. The paper specifies the types of protection of cultural heritage and the UNESCO Guidelines for the implementation of the Second Protocol, followed by presentation of the three professional NGOs in Macedonia - the national committees of the Blue Shield, of ICOM and ICOMOS, which include in their work activities related to the implementation of the Second Protocol in the country. The Blue Shield program in particular covers all elements of the Guide of UNESCO for the implementation of the Second Protocol.

*Keywords:* Second protocol, implementation, non-governmental organizations
.

It is known that the cultural heritage may be threatened by acts of nature or by man. Military actions as a result of human actions, can contribute to damage or destruction of cultural property. Such examples are found in military affected areas throughout the world, and in our country during the internal armed conflict in 2001.

The protection of cultural property in wartime is ensured by international and national legislation. In this sense, the 1954 Hague Convention and its First Protocol and Second Protocol of 1999, constitute a framework that covers the protection of cultural heritage during armed conflict.

The Second Protocol provides for the strengthening of obligations to protect cultural property from military actions. The destruction of cultural property is a criminal offense punishable by provisions of the Tribunal and the provisions

of national laws. In Macedonia it is sanctioned by Article 404 of the Macedonian Criminal Code.
The Second Protocol envisages two types of protection, general and enhanced protection. The general protection (article 5) provides: preparation of inventories, planning emergency measures for protection against fire and structural collapse, preparation for evacuation of movable cultural heritage or provision for adequate in situ protection of such heritage, appointing competent authorities responsible for protection of cultural heritage.
The enhanced protection provides: preparation of inventory, list of cultural goods, marking of property.

**Implementation of the Second Protocol**

Implementation of the Second Protocol is entrusted to the Committee for the Protection of Cultural Property in the Event of Armed Conflict. The Committee cooperates with governmental and non-governmental organizations with similar goals. In that regard, it engages professional organizations as consultants. The Article 27 of the Protocol particularly mentions the International Committee of the Blue Shield.
Non-governmental organizations in Macedonia, which have similar aims with the Committee are: Macedonian National Committee of the Blue Shield, Macedonian National Committee of ICOM and the Macedonian National Committee of ICOMOS. These organizations initiate, unite, engage and act in accordance with the statutory provisions. They do not take the role of institutions in the protection of cultural property, but help in successful disaster response to prevent or mitigate the consequences. They represent the conscience of the profession.
The UNESCO Guidelines for the implementation of the Protocol provides: dissemination (article 30) and monitoring. The dissemination encompasses education, information and training of military and civilian authorities to respect the Second Protocol. The monitoring provides: legal, administrative, military and practical application.

**The non-governmental organizations in Macedonia and the implementation**

We want to stress that elements of the Guidelines for the implementation of UNESCO in the past in Macedonia have already been implemented. In that sense, various forms of education, information and awareness-raising activities are performed, expert advices on the importance of cultural heritage are given, as well as expert advices on the methods of protection. Also, the four elements of monitoring: legal, administrative, military and practical application are implemented - somewhere more, somewhere less. Here are just few examples

of actions undertaken by the three non-governmental professional organizations in Macedonia, which are related to the implementation of the Second Protocol to the Hague Convention of 1954.

MNC ICOMOS:

- monitoring during and after the conflict in 2001;
- big regional conference in 2002 on the topic "Cultural heritage in danger during armed conflicts – case study Macedonia", that gave rise to the so called "Ohrid declaration";
- preparation of laws and byelaws related to the protection of cultural property in danger;
- organization of more professional consultations regarding protection of cultural heritage.

MNC ICOM:

- preventive protection of the cultural and natural heritage in the museums in Macedonia in 2007;
- regional workshop in 2007 on the topic "Team work for joint management in crisis situations";
- organization and participation at the Regional conference of Southeastern Europe in Nish in 2012 on the topic: "Risk assessment for the cultural and natural heritage in the Southeastern Europe region";
- preparation of standards for museum documentation in 2005;
- manual for actions in emergency situations in 2013.

MNC Blue Shield in cooperation with MNC ICOM, MNC ICOMOS:

- monitoring of cultural monuments in areas affected by military operations after 2001 (2003 and 2004);
- awareness raising through the media for safeguarding of the cultural property;
- two posters to raise awareness among youth about the protection of cultural property (2004 and 2012);
- Special measures for protection of cultural heritage in danger (Forum 2005);
- participation in preparation of laws and byelaws related to protection of cultural property;
- starting points for development of methodology for assessment of damage after natural and man-made disasters (2006);
- preparation of the Decree on special measures for protection of cultural heritage in wartime and emergencies (2006);

- Training of experts for protection of cultural heritage during natural disasters (Forum 2007);
- repeated attempts and initiatives for application of the symbol of the Hague Convention on cultural monuments, but still without full result;
- repeated initiatives to update the plans for the protection of cultural property in the cultural institutions;
- The capacities of the museums and conservation centers in Macedonia with regards to the professional staff (Forum 2008);
- Sacred cultural heritage of Macedonia during wartime or emergency: relations owner-user-community (Forum 2009);
- Protection of cultural heritage in emergencies (Forum 2010)
- Protective infrastructure for management in emergencies related to cultural heritage (Forum 2010);
- Mapping of endangered cultural heritage in the museums in Macedonia (2009-2010 research project, as a baseline for the two forums that followed in the coming years);
- The state of the cultural and natural heritage in the museums in Macedonia (Forum 2011);
- Protection of cultural heritage in the museums of Macedonia - conditions and experiences (Forum 2012).

The above mentioned points out that we - the professional non-governmental organizations provide initiatives, promote professional and effective accomplishment of the tasks, encourage improvements of the legislation, act for prevention in preparation for response to disasters, monitored the cultural goods after the internal war conflict in 2001 and on other occasions, influence awareness raising through forums, conferences, through the media, through posters and the like. In some segments we have concrete results, however others lack result. We are aware that it is difficult and hard task and we need to be persistent in achieving the set goals in the interests of protecting the cultural property during wartime and emergencies.

The non-governmental professional organizations play significant role in the implementation of the Second Protocol to the Hague Convention; however an integrated strategy for the protection of cultural property in emergency with an action plan is imminent need.

The strategy should represent:

- national promotion of the Hague Convention;
- source for national policy development;
- source of advice;
- providing national expertise for training and the like.

As partners of the Ministry of culture we offer the know-how and the enthusiasm, and we expect to be supported even more by our Ministry of culture in the interest of protecting the cultural heritage of our country.

**Bibliography**


1. Convention for the Protection of Cultural Property in the Event of Armed Conflict with Regulations for the Execution of the Convention 1954
2. Second Protocol to the Hague Convention of 1954 for the Protection of Cultural Property in the Event of Armed Conflict 1999
3. Ristov J., *The Hague Protocol of 1999 - protection of cultural property in the event of armed conflict,* Skopje, 2002.

УДК 930.253:069.44

**Валентина ПОЦЕСКА**
НУ Национален конзерваторски центар

## МУЗЕЈСКИ СТАНДАРДИ НА ДЕПОНИРАЊЕ

*Апстракт*: Соодветното депонирање на музејски предмети е основна компонента на превентивната конзервација. Идеалните услови на чување, вклучувајќи добар систем на депонирање во соодветни депоа, обезбедуваат основна заштита на музејските збирки.Во овој текст се дадени базичнитеправила и насоки за чување и депонирање на музејските колекции, со акцент на основните принципи на современата музејска пркса кои овозможуваат соодветен однос и зголемена безбедност на музејските колекции. Целта на текстот е да се промовираат највисоките стандарди на управување, грижа и чување на музејските колекции во Македонија.

*Клучни зборови:* музеј, депо, превентивна конзервација, техники на депонирање.

Заштитата на културното наследство во последните декади доживува значајна концептуална промена, која настанува како резултат на развојот на свеста за зависноста на материјалната природа на наследството од неговата интеракција со средината во која опстојува. Оттука, во современите конзерваторски политики како централен елемент на заштита се наметнува превентивната конзервација на културното наследство.

Превентивната конзервација, или индиректното конзервирање, означува збир на мерки за намалување на ризиците од оштетување[15] и

[15]Главните причинители на оштетувања се светло, УВ зрачење, температура, влага, атмосферски гасови, механичи повреди предизвикани од несоодветно ракување и неадекватно изложување, биолошки оштетувања од микроорганизми, растенија и

дотраеност на добрата, преку контрола на околината на културното добро, а со цел да се избегнат големите реставраторски интервенции. Општата методологија на превентивната конзервација опфаќа ракување, чување и управување со колекциите, како и планови за итни ситуации.Тука спаѓаат сите мерки за контрола на микроклиматските услови, осветлувањето, заштитата од пожар, кражби и вандализам, мерки против загадување, вибрации и т.н. Активностите на превентивната конзервација меѓу другото, налага обезбедување на соодветни просторно-технички услови за чување и изложување на музејските предмети. Така, оштетувањата и/или загубата на предметите ќе се намали ако се спроведуваат:

- соодветни техники на депонирање;
- соодветни техники на ракување;
- соодветни микроклиматски услови;
- ефикасна безбедносна и противпожарна заштита;
- заштита од штетници
- соодветни техники на чување.

1. Кога станува збор за **техниките на депонирање**, постојат неколку основни правила:
    - Депото треба да е лесно достапно. Сите предмети сместени во депото треба да се лесно достапни и лесно видливи, за да се обезбеди увид во нивната состојба, без тие да се поместуваат. Просторот треба да е максимално искористен, а приодите треба да се организирани на начин кој обезбедува лесен пристап и безбедно ракување.
    - Предметите, амбалажата и музејските полици и шкафови треба да се одбележени со соодветен систем на идентификација. Распоредот на предметите треба да е јано означен на полиците со што ќе се избегне непотребно преместување и ракување.
    - Амбалажата во која се пакуваат сензитивните предмети треба да обезбеди заштита од: влијание на микроклиматски услови; светло; загадување; инсекти; влага; удари. Амбалажата го олеснува ракувањето со предметите.

---

животни, како и хемиски оштетувања предизвикани од контакт со реактивни материи. На оваа група вообичаено се додава и негрижа.

- Кога се работи за големи и тешки предмети треба да се избегнуваат простори со тесни скали и врати.
- Предметите не смеат да се депонираат директно на бетонски, камени или циглени подови. Тие секогаш треба да се поставуваат на полици, или, кај тешките и гломазни предмети на соодветни постаменти. Кога предметите се поставуваат на полици, потешките предмети треба да се стават на подолните полици.
- Музејските предмети треба да бидат класифицирани во рамките на депото. Тие можат да се групираат според типот на предметот, материјалот на изработка, или етничката група на која и припаѓаат. Од конзерваторски аспект најсоодветна е класификацијата според материјалот на изработка.
- Полиците треба да се обложени со безкиселинска хартија
- Предметите не смеат меѓусебно да се допираат или пак да бидат сложени едни врз други. Полиците не смеат да бидат натрупани – тоа овозможува безбеден пристап до предметие и исовремено превенира ризик од нивно меѓусебно допирање или рушење на полиците;
- Малите предмети не треба да се поставуваат на најгорните полици бидејќи така ќе бидат надвор од видното поле. Тие треба да се депонираат на плитки подлошки или во кутии.Тешките предмети треба да се ставаат на средните полици, или оние на појасна висина, што ќе овозможи тие лесно да се подигаат;
- *Само фумигирани и чисти предмети смеат да се внесат во депото.*

2. При **ракувањето** со музејски предмети треба да се води сметка за следните општи правила:
    - Ракувањето со музејските предмети треба да се сведе на неопходниот минимум, и треба да се спроведува само од соодветно обучен музејски кадар. Вработените треба да се научат како да ракуваат со различни предмети, во различни ситуации;

- Никогаш не смее да се брзакога се ракувасо музејски предмети и кон секој предмет треба да се пристапува како да е непроценливо богатство кое лесно може да биде оштетено;
- Чистотата е основа на секое ракување со музејски предмети. Секое лице кое има допир со музејските предмети мора претходно добро да ги измие рацете, да го отстрани целиот накит и шминка и по потреба да стави соодветен вид на ракавици;
- Во случај на оштетување на одреден предмет, тоа веднаш треба да се документира и да се извести надлежниот конзерватор за настанатата штета. Скршените делови треба да се етикетираат и да се сочуваат во близина на предметот.
- За повеќето предмети треба однапред да се изработат кутии, подлошки и контејнери, особено за помалите објекти кои треба почесто да се третираат или да се изнесуваат од депото.
- Пред да се поместат предметите треба да се обезбеди чист простор каде што се планира да се пренесат. Рутата на движење треба да се испланира однапред, имајќи ги предвид сите врати, скали, нерамни подови, потенцијални препреки и т.н.

Во основата на секое безбедно ракување со музејски предмети се следните елементи:

- Пишани насоки – секој музеј треба да изготви пишани насоки за чување, ракување и транспорт на музејските предмети. Целиот музејски кадар треба да поседува примерок од овие насоки.
- Обука на кадарот – не смее да се ракува со музејските предмети без соодветна обука. Обуките треба да се редовна активност, особено кога се воведуваат нови видови на предмети, или пак кога се вработува нов кадар.
- Користење на соодветни материјали и опрема – треба да се користи само онаа опрема која е со добар квалитет и во добра состојб, како и материјали кои се безбедни за музејска употреба.

3. Соодветните **микроклиматски услови** подразбираат контрола на температура, влага, УВ зрачење и квалитет на воздухот.

| | |
|---|---|
| *Температура* | Големите и нагли промени на температурата го забрзуваат оштетувањето на колекциите.За мешовитите збирки препорачлива температура е**20°C**, односно **15-22°C**. |
| *Релативна влажност* | Високата влажност иницира штетни хемиски реакции. Ниската влажност води кон пресушување на објектите. Бидејќи повеќето музеи поседуваат мешовити колекции, треба да се одржува средна температура и влага–**45-65% RH**. |
| *УВ зрачење* | Светлоста може да предизвика оштетување на материјалите. Препорака – употреба на УВ филтри, чување на осетливите материјали во затворени контејнери и употреба само на меко осветлување. За осетливите предмети (текстил, акварели, манускрипти, тапети, ботанички и зоолошки примероци, графики, фотографии и хартија) се препорачува максимално **50 lux**, за маслени и темперни слики, дрво, коска, рог, слонова коска и кожа – **150 lux**, а за метал, керамика, камен, накит, емајл и стакло – **300 lux**. Предметите треба да се изложуваат на светло само кога тоа е неопходно. |
| *Квалитет на воздухот* | Основни извори на загадување се разновидните гасови и честички од прашина кои можат да предизвикаат оштетување на објектите. Загадувачите можат да се контролираат со помош на **HVAC** систем и соодветни филтри за сите вентилатори, греачи и клима уреди. Сите системи треба редовно да се чистат и одржуваат. Загадувањето се намалува и со редовно чистење на депото, употреба на благи средства и усисивачи со **ХЕПА** филтри. |

## 4. Ефикасна безбедносна и противпожарна заштита

| | |
|---|---|
| *Безбедност* | Музејското депо треба да е физички безбедно, особено од: кражба, пожар, |

поплава, вандализам и непрописно ракување со предметите. Пристапот во депото треба да биде ограничен и контролиран и треба да се внимава кој сé ќе има пристап до клучевите. Барем една копија од клучот треба да се чува на безбедна локација. Депото не треба да има прозорци. Клучевите треба да ги држат само мал број на луѓе, а бравите треба повремено да се менуваат. Додатни безбедносни мерки: безбедносно осветлување по работното време; чуварска служба; автоматски алармни системи; инфрацрвени сензори. Чуварската служба треба да е обучена за работа во музеј. Секој музеј треба да поседува пишан план за справување со ризици.

*Заштита од пожар* — Депото треба да располага со системи за детекција и гасење на пожар: системи за детекција на чад, пожар и вода; противпожарни апарати; систем за распрскување на вода и/или $CO^2$. Апаратите за гасење на пожар на база на вода и пена можат да предизвикаат оштетувања на колекциите, такашто посоодветен избор се апарати кои не оставаат траги.

## 5. Контрола на штетници

*Контролата на штетници* претпоставува заштита од микроорганизми, инсекти и други штетници. Превенцијата од напад на штетници се обезбедува преку одржување на соодветна температура и влага, одржување на чистота, забрана за внес на храна пијалоци и растенија, отстранување на растенијата во околината на музејот кои привлекуваат инсекти. Потребни се и регуларни инспекции за присуство на штетници, поставување на лепливи траки, периодична проверка на артефактите во депото и во изложбените простори, ипо потреба, фумигација и запрашување со инсектициди. Секој музеј треба да поседува пишан Интегриран план за контрола на штетници.

## 6. Соодветни техники на чување

Со оглед на тоа дека поголемиот дел од сите музејски збирки се наоѓа складиран во музејските депоа, доброто планирање и организацијата на депонирањето претставуваат основен услов за нивна долготрајна заштита. Соодветните техники на чување подразбираат:

- Редовно следење на температурата и влагата
- Регулација на апаратите за микроклиматска контрола
- Повремена проверка на системите за противпожарна заштита
- Проверка на системите за заштита од кражба
- Усисување и бришење на подовите
- Бришење на прашина
- Исфрлање на ѓубре

Дополнителните мерки за намалување на ризициподразбираат:

- Ефикасен безбедносен систем и чуварска служба;
- Безбедно чување на сите запаливи материјали;
- Огноотпорни полици, кабинети и контејнери за чување на музејските предмети;
- Чување на предметите во безкиселински кутии и контејнери;
- Одржување на редот и чистотата;
- Редовно одржување на електричните и вентилационите системи;
- Почитување на правилата за ракување;
- Исклучување на електирчата опрема од струја кога не е во употреба;
- Развој и примена на програми за обука и тренинг за вработените, волонтерите и локалната заедница;
- Детална проверка на новопристигнатите предмети и материјали за да се спречи внесување на мувла, микроорганизми, инсекти и сл.
- Одржување на регистри и документација, вклучувајќи и конзерваторска документација за состојбата и спроведените интервенции на предметите.

**Литература**


1. E. Verner Johnson and Joanne C. Horgan, Museum collection storage, *Protection of the cultural heritage,* Technical handbooks for museums and monuments 2, Unesco 1979
2. Heritage & Libraries Branch, Ontario Ministry of Culture, 2005 *Handling Museum Objects*, http://www.gov.mb.ca/chc/hrb/pdf/handling_museum_objects.pdf
3. Heritage Collections Council, 1998, Recollections – Caring for Collections Across Australia, Caring for Cultural Material 2, http://amol.org.au
4. Heritage Collections Council, 1998, Recollections – Caring for Collections Across Australia, Handling, Transportation, storage and Display, http://amol.org.au
5. Laszlo, Želimir, 2006, Priručnik - Preventivna zaštita slika, Zagreb: Muzejski dokumentacijski centar
6. Smithsonian Museum Conservation Institute,HOUSING AND ENVIRONMENT OPTIONS FOR STORAGE OF DOCUMENTS, http://www.si.edu/mci/downloads/RELACT/storage_documents.pdf
7. U.S. National Park Service.1999. The Museum Handbook. Vol. 1, Ch. 6, Section 5. Washington; NPS.
8. Живковић, Весна, 2011, Стручна упутства за одлагање музејских предмета у депоу, Београд: Централни институт за конзервацију у Београду.

UDC 930.253:069.44

**Valentina POCESKA**
NI National conservation center, Skopje

## MUSEUM STANDARDS FOR DISPOSAL

*Abstract*: The proper disposal of museum objects is a fundamental component of preventive conservation. The ideal storage conditions, including good system of disposal in appropriate depots, provide basic protection of museum collections. This text outlines the basic rules and guidelines for storage and disposal of museum collections, with an emphasis on the fundamental principles of modern museum practice, enabling proper respect and enhanced security of museum collections. The purpose of the article is to promote the highest standards of management, care and storage of museum collections in Macedonia.

*Key words:* museum, depot, preventive conservation, techniques of disposal

The protection of cultural heritage in recent decades experiences significant conceptual changes that occur as a result of the increased awareness for the dependency of the material nature of the heritage of its interaction with its environment. Hence, in the modern conservation policies the preventive conservation of cultural heritage takes the central part in the process of protection.

Preventive conservation or indirect conservation entails a set of measures to reduce the risks of damage[16] and dilapidation of cultural goods by controlling their environment, with an aim to avoid major restoration interventions. The general methodology of preventive conservation covers handling, storing and

---

[16] The main cause of damage is light, UV radiation, temperature, humidity, atmospheric emissions, mechanical damage caused by improper handling and inadequate exposure, biological damage by microorganisms, plants and animals, and chemical damage caused by contact with reactive substances. Carelessness is usually added to this group of causes.

managing collections, and plans for emergency situations. This includes all measures to control the microclimate conditions, lighting, protection against fire, theft and vandalism, measures against pollution, vibration, etc. Activities for preventive conservation, among other things, encompass provision of appropriate physical and technical conditions for storage and display of museum objects. Thus, damage and / or loss of items will be reduced if the following are implemented:

- appropriate disposal techniques;
- appropriate handling techniques;
- appropriate microclimate conditions;
- effective security and fire protection;
- pest protection;
- appropriate storage techniques.

1. Speaking about the **techniques for disposal**, there are few basic rules:
    - the depot should be easily accessible. All items placed in the depot should be easily accessible and easily visible to provide insight into their condition without being moved. The space should be used to its maximum, and the gateways should be organized in a way that provides easy access and safe handling;
    - objects, packaging and museum shelves and cupboards should be marked with appropriate system of identification. The layout of the items should be labeled clearly on the shelves, thereby avoiding unnecessary movement and handling;
    - the packaging of sensitive items should provide protection from: the influence of microclimate conditions, light, pollution, insects, moisture, shock. The packaging facilitates the handling of objects;
    - in the case of large and heavy objects, areas with narrow staircases and doors should be avoided;
    - the objects should not be deposited directly on concrete, stone or brick floors. They should always be placed on shelves and the heavy and bulky items on appropriate pedestal. When objects are placed on shelves, heavier objects should be placed on the lower shelves;
    - museum items should be classified within the depot. They can be grouped by type of object, the material, or the ethnic group to

which they belong to. From conservation point of view, the most appropriate classification is according to the material;

- shelves should be coated with non-acidic paper;
- the objects must not touch each other or be placed on top of each other. The shelves should not be overloaded - that enables safe access to the objects, and at the same time prevents the risk of their mutual friction or breaking of the shelves;
- the small items should not be placed on the top shelf, because that way it will be out of sight. They should be disposed in shallow sockets or boxes. Heavy objects should be placed on the middle shelves, allowing their easy lifting;
- only fumigated and clean items are allowed in the depot.

2. The handling of museum objects requires respect of the following general rules:
    - the handling of museum objects should be limited to the necessary minimum, and should be performed only by appropriately trained personnel. The employees should be trained how to handle different objects in different situations;
    - the handling of museum objects should not be performed in a hurry and each object should be approached to with care, as if it was priceless treasure that can easily be damaged;
    - cleanliness is the basis of any handling of museum objects. Any person having contact with the museum items must thoroughly wash hands, remove all jewelry and makeup and if necessary to put appropriate type of gloves;
    - the cases of damage to certain object should be immediately documented and reported to the conservator in charge. The broken parts should be labeled and stored in the vicinity of the object;
    - most of the objects need boxes, sockets and containers prepared in advance, especially for the smaller objects, which need to be treated or taken out of the depot more frequently;
    - before moving the objects, an empty space should be provided, where the object would be moved to. The route should be planned

in advance, having in mind all doors, staircases, uneven floors, potential obstacles etc.

The following elements are the basis of the safe handling with museum items:

- written guidelines - every museum should develop written guidelines for storage, handling and transportation of museum objects. The entire museum staff should have a copy of these guidelines;
- staff training – one should not handle museum objects without proper training. Training should be a regular activity, especially when introducing new types of objects, or when employing new staff.
- use of appropriate materials and equipment - only equipment of good quality and in good condition, and materials that are safe for museum use should be used.

3. Appropriate microclimate conditions include temperature control, moisture, UV radiation and air quality.

| | |
|---|---|
| *Temperature* | Large and sudden changes in temperature accelerate damage to the collections. For mixed collections recommended temperature is 20° C or 15-22° C. |
| *Relative humidity* | High humidity initiates harmful chemical reactions. Low humidity leads to drying up of the facilities. Since most museums possess mixed collections, the temperature and humidity should be maintained on average levels - 45-65% RH. |
| UV Radiation | Light may cause damage to the material. Recommendation - use of UV filters, storage of sensitive materials in sealed containers and use only soft lighting. For sensitive items (textiles, watercolors, manuscripts, tapestries, botanical and zoological specimens, graphics, photographs and paper) maximum of 50 lux is recommended, for oil and tempera paintings, wood, bone, horn, ivory and leather - 150 lux, and metal, ceramics, stone, jewelry, enamel |

| | |
|---|---|
| | and glass - 300 lux. The items to be exposed to light only when necessary. |
| *Air quality* | The main sources of pollution are various gases and dust particles that can cause damage to buildings. Pollutants can be controlled using the HVAC system and appropriate filters for all fans, heaters and air conditioners. All systems should be regularly cleaned and maintained. Pollution is reduced by cleaning the depot regularly, using mild chemicals and vacuum cleaners with HEPA filters. |

4. Effective security and fire protection

| | |
|---|---|
| Safety | Museum depot should be physically safe, especially of: theft, fire, flood, vandalism and improper handling of objects. The access to the site should be limited and controlled and the access to the keys carefully controlled. At least one copy of the key should be kept in a secure location. The depot should not have windows. The keys should be kept by only a few people, and locks should be changed periodically. Additional safety measures: security lighting after working hours; security service; automatic alarm systems; infrared sensors. Security service should be trained to work in a museum. Each museum should have a written plan for dealing with risks. |
| Fire protection | The depot should have systems for detection and extinguishing of fire: systems for detection of smoke, fire and water; fire extinguishers; a system for spraying water and / or $CO_2$. The fire extinguishers which work with water and foam can cause damage to the collections, so it is more appropriate to use devices which leave no traces. |

**5. Pest control**

Pest control assumes protection from microorganisms, insects and other pests. Prevention of pests attack is ensured by maintaining proper temperature and

moisture, cleanliness, ban on entry of food, beverages and plants, removal of plants that attract insects from the vicinity of the museum. Regular inspections for the presence of pests are necessary, setting adhesive tapes, periodic inspection of artifacts in the depot and exhibition spaces, and if necessary, fumigation and spraying with insecticides. Each museum should have written *Integrated plan for pest control.*

## 6. Appropriate techniques for storage

Given that the majority of all museum collections is stored in museum depots, good planning and organization of the disposal is an essential condition for their long-term protection. Appropriate storage techniques include:

- regular monitoring of temperature and humidity;
- regulation of appliances for microclimatic control;
- periodic inspection of fire protection systems;
- verification of systems for protection against theft;
- vacuum cleaning and wiping of the floors;
- dust elimination;
- dumping of garbage.

Additional measures for risk reduction imply:

- effective security system and security service;
- safe storage of all flammable materials;
- refractory shelves, cabinets and containers for storing museum items;
- storing objects in non-acidic boxes and containers;
- maintaining order and cleanliness;
  - regular maintenance of the electrical and ventilation systems;
- respect of the rules of operation;
- taking off the power supply when electrical equipment is not in use;
- development and implementation of training programs and training of staff, volunteers and the local community;
- detailed inspection of newly arrived items and materials to prevent entry of mold, micro-organisms, insects and so on;
- maintenance of records and documentation, including documentation for the conservation and for the state and applied interventions to objects.

**Bibliography:**


1. E. Verner Johnson and Joanne C. Horgan, Museum collection storage, *Protection of the cultural heritage,* Technical handbooks for museums and monuments 2, Unesco 1979
2. Heritage & Libraries Branch, Ontario Ministry of Culture, 2005*Handling Museum Objects*, http://www.gov.mb.ca/chc/hrb/pdf/handling_museum_objects.pdf
3. Heritage Collections Council, 1998, Recollections – Caring for Collections Across Australia, Caring for Cultural Material 2, http://amol.org.au
4. Heritage Collections Council, 1998, Recollections – Caring for Collections Across Australia, Handling, Transportation, storage and Display, http://amol.org.au
5. Laszlo, Želimir, 2006, Priručnik - Preventivna zaštita slika, Zagreb: Muzejski dokumentacijski centar.
6. Smithsonian Museum Conservation Institute,HOUSING AND ENVIRONMENT OPTIONS FOR STORAGE OF DOCUMENTS, http://www.si.edu/mci/downloads/RELACT/storage_documents.pdf
7. U.S. National Park Service.1999. The Museum Handbook. Vol. 1, Ch. 6, Section 5. Washington; NPS.
8. Zivkovic, Vesna, 2011, Strucna uputstva za odlaganje muzejskih predmeta u depou, Beograd: Centralni institute za konzervaciju u Beogradu.

УДК 930.253:069.44 (497.7)

**Крсте Богоески**
Институт за етнологија и антропологија
УКИМ – Природно – математички факултет, Скопје

# МЕТОДИ НА ПРОЦЕНА НА РИЗИЦИТЕ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ДЕПОАТА НА МУЗЕИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

*Апстракт*: Во трудот е потенцирана важноста на уредувањето на депоата на музеите каде што се наоѓа поголемиот дел од движното културно наследство на овие институции. Посебно се опфатени основните принципи за добро депо. Имајќи ги предвид позитивните искуства на планот на заштитата на културните добра во музеите во светот, посебно е образложена методологијата на процена на ризиците, која опфаќа: идентификација, анализа, евалуација, мониторинг и одговор на ризиците. Врз основа на тие сознанија, направена е компарација на состојбата во музеите на Македонија.

*Клучни зборови:* Културно наследство, ризици, депоа, музеи на Македонија, методи на процена на ризици

Музеите во Македонија чуваат солидно културно благо почнувајќи од праисторија, антиката, средновековието, новиот век и од најновиот период до денешни дни. Зачуваните примероци се претставници на различните културни слоеви што егзистирале во минатото и денес. Добар дел од тоа наследство се комуницира преку постојаните и повремените изложби. Но, знаеме дека поголемиот дел од тоа наследство, според одредени сознанија над 70%, се чува во депоата на нашите музеи. Грижата на музеите подеднакво треба да биде насочена како кон истражувачката, прибирачката работа, проучувањето и презентирањето, така и кон заштитата и чувањето во изложбениот простор и депоата. Ако знаеме дека поголемиот број на музејски предмети се наоѓаат во депоата, тогаш и односот кон состојбата со депоата треба да биде поголем. За таа цел ни се

наметнуваат повеќе прашања кои бараат одговор од оние кои се ангажирани за заштитата на тоа културно наследство:

- Дали музејот има уредено депоа во кои може да се чуваат музејските предмети?
- Колку се почитува ставот 1:1:1 за уредување на изложбениот, работниот и просторот за депоата во еден музеј?
- Колку се почитува Кодексот на професионална етика во чувањето на предметите во депоата?
- Дали се врши редовен мониторинг во депоата?
- Дали се врши процена на ризиците за културните добра што се чуваат во музеите?
- Дали има редовно мерење на влага, светло и УВ зрачење?
- Дали персоналот што е задолжен за надзор и сл.)?
- Дали постои стратегија за заштита на културните добра во депоата?

Некои автори сметаат дека депоата се „срцето на еден музеј". Ако се срце како најважен орган за кого е неопходна посебна грижа, тогаш и грижата за депоата и содржината во нив треба да биде на исклучително високо ниво. Во тој правец Кодексот на професионалната деонтологија, ги обврзува раководните кадри, институциите и стручните лица да дејствуваат за примена и почитување на меѓународните стандарди. Предметите во депоата, како и во другите делови на еден музеј, може да бидат изложени на разни ризици, кои може да дејствуваат врз физичките и вредносните својства на секој предмет. Ако сакаме да се избегнат или да се ублажат последиците од одделни ризици, неопходно е потребно да се врши процена на тие ризици. За да можеме да зборуваме за процена на ризиците во депоата на Македонија, неопходно е да ги согледаме сфаќањата во светот по ова прашање.

Основни принципи за добро депо се:

- Простор исклучително за збирките
- Обучен член на персоналот
- Основна документација
- Соодветен намештај за сместување на предметите
- Соодветна опрема за контрола на микроклимата
- Изграден систем на сместување и ракување
- Зграда дизајнирана или адаптирана за заштита на збирките

Соодносот на просторот во еден музеј треба да ги има следните величини, и тоа: 1:1:1 за работен простор, за изложбен и простор за депоа.

Просторните стандарди за депоа зависат од големината на некој музеј. За музеј со над 50.000 предмети, одделот за депоа ќе опфаќа единаесет видови простории, и тоа:

- за активни колекции во депото
- за неактивни колекции во депото
- за документација
- за фотодокументација
- за дезинфекција
- за карантин
- за утовар/растовар
- за консултации
- за неколектирани предмети
- за материјали кои не се колектираат (за пакување и транспорт и сл.)
- за канцеларии

За мали музеи потребни се следните простории:

- за колекции во депо
- за канцеларија
- за материјали кои не се колектираат

Доколку нема доволно простор за депоа во музејот, постои практика за ангажирање соодветен простор надвор од музејот и притоа да се дели тој простор со други институции, но во согласност со стандардите за безбедност, имајќи ги предвид заштитните барања, пристапот во колекциите и употребата.

Во такви просторни услови може да се зборува за обезбедување соодветна грижа за музејските збирки. Но, и покрај тоа постојат разни ризици кои може да влијаат на загрозување и уништување на културните и природните добра што се чуваат во музеите.

Загрозеноста може да биде:

- од природата: земјотреси, поплави, лизгање на теренот, ветрови, биолошки (бактерии, габи, животни) и сл.
- од човекот: војна, пожар, загадување, цивилен револт, тероризам, структурен колапс, негрижа и сл.



*Последици од земјотресот во Скопје, 1963 година*



*Уметнички павиљон во Скопје по поплавата во 1962 година*

Познато е дека ризикот е неизбежен дел од индивидуалниот и колективниот живот на човекот. Ризикот е дефиниран како интеракција помеѓу два фактора како карактеристика на секоја опасност. Тоа може да се изрази преку формулата: **Ризик = опасност + ранливост / капацитет**. Одредена опасност може да предизвика директни штети, индиректни штети, материјални штети кои може да се изразат во пари и нематеријални штети, кои не може да се изразат во пари, пр., човечките загуби.

## Методи на процена на ризикот

Процената на ризикот е составен дел на грижата за колекциите, помагајќи ги музеите да се утврдат приоритетите за таа грижа и стратешки да инвестира во проекти и инфраструктура за заштита на своите колекции. Процената на ризикот е дефинирана како метод за утврдување на веројатноста на појава на ризикот и штетите од таа појава. Секој ризик бара соодветно управување со него, кое вклучува идентификација, процена, валоризација и приоритизација на ризикот. Тоа овозможува да се испланира програма која ќе ја минимизира и контролира веројатноста на

контактот на идентификуваната закана со колекциите. Следната сл.1. ја презентира содржината на методологијата на процена на ризикот.




Во музејот процена на ризикот може да се прави според однапред определена процедура која бара да се направи план за пристап во донесувањето на одлуки и во дејствувањето за ублажување или избегнување на заканата од некаква опасност.

**Идентификацијата на ризикот** бара да се направи листа на можни загрозувачи на културните и природните добра во депоата. При изработката треба да се направи ревизија на историјата на ризици во музејот и општеството. Пример, земјотрес, лизгање на теренот, пожар, кражба, вандализам, проневера на персоналот, поплава, прокиснување на кровот, истекување на канализацијата и сл., штетници како глодари и инсекти, светлото и УВ зрачење, некоректна температура, некоректна влага, негрижа на персоналот, лошо ракување во депото и слично.

Во методолошката постапка **Анализа на ризикот** се врши испитување на процесот на промени што се случуваат; се изготвува мапа на анализа на ризикот со параметри на периоди на модификација; се прави прогноза на потенцијалните опасности, притоа примена наоѓаат квантитативната и квалитативната метода во анализата на ризикот. Кванитативната метода ја опфаќа зачестеноста на појавата на опасноста во

определени временски интервали, додека квалитативната метода се состои во прикажување математички и статистички метод, бројчано претставувајќи ги последиците од некоја опасност. Во оваа постапка важно е да се сфати соодносот помеѓу веројатноста на појава на ризикот и последиците од него, како и можностите за губење на вредноста на културното добро.

**Евалуација на ризикот.** Во прикажувањето на оваа постапка се употребуваат категориите веројатност на појавата на ризикот и ефект од ризикот (сл.2). Фокусирањето е на дефинираните решенија за ризикот во претходната методолошка постапка. Во таа смисла се земаат решенија кои опфаќаат најпрецизни етапи за подобрување на стратегијата за заштита. Овде е применета контролирана претпазливост која ќе ја минимизира изложеноста на ризик. Во оваа етапа се прават приоритети на ризиците, се врши ревизија на стандардите и се ажурираат плановите за дејство во вонредни состојби. Значи, како ќе се процени загрозеноста од некоја опасност, така во плановите за заштита се предвидуваат мерките за отстранување или за ублажување на последиците од таа опасност.

**Матрица на евалуација на ризикот**

| **Веројатност** | **Интензитет на ефектот** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Тешка штета | исклучителна | значајна | незначителна |
| Честа | Висок Никогаш неприфатен | Висок Никогаш неприфатен | Висок Никогаш неприфатен | Среден Внимателно прифатен |
| Голема | Висок Никогаш неприфатен | Висок Никогаш неприфатен | Среден Внимателно прифатен | Среден Внимателно прифатен |
| Понекогаш | Висок Никогаш неприфатен | Среден Внимателно прифатен | Среден Внимателно прифатен | Низок Може да биде прифатен |
| Ретка | Среден Внимателно прифатен | Среден Внимателно прифатен | Низок Може да биде прифатен | Низок Може да биде прифатен |
| Многу ниска | Среден Внимателно прифатен | Низок Може да биде прифатен | Низок Може да биде прифатен | Низок Може да биде прифатен |
| Неможна | Низок Може да биде прифатен | Низок Може да биде прифатен | Низок Може да биде прифатен | Низок Може да биде прифатен |

**Мониторинг.** По завршувањето на горните постапки следи надгледување на имплементацијата на одлуките што се носат во претходната постапка. Со

мониторингот се врши контрола на активностите поврзани со планираните задачи за контрола на ризикот.

**Одговор.** На крајот, во оваа постапка се контролира подготвеноста на персоналот за соочување со одредена опасност. Во зависност од процената на силината на ризикот, доколку има потреба од брзо дејствување, тогаш следи одговор на уочената опасност.

***

Кога сето погоре изнесено ќе го пресликаме во нашата средина, веднаш ќе се поставаат повеќе прашања.

Какви се депоата во музеите на Македонија?

Како чука тоа срце во музеите на Македонија?

За да се одговори на поставените прашања доволно е да се погледнат приложените фотографии во депоа на некои музеите на Македонија.



*Водоводни, канализациски и цевки од парно затоплување*




*Мноштво предмети во мал простор*



*Затрупани простори со мноштво предмети.*



*Цевки од парно затоплување*



Прокиснување на простории на депоа

Најголем дел се во подрумски простории низ кои врват доводни и одводни цевки. Некои со некоректна влага (а стандардот е 40-60% преку цела година), други со неконтролирана температура (а стандард е 16-25°C) и неконтролирано светло и УВ зрачење, без мерни инструменти, без просторни услови, пренатрупани со предмети, без одговорно лице за ракување или со лице за ракување но без соодветна обука за работа, недоволно обезбедени од кражби. Загрижува фактот дека за одреден број депоа нема посебна стратегија за дејствување, а кај други нема планови за дејство во редовни и вонредни состојби. Музејските колекции во депоата се во сериозен ризик. Се добива впечаток дека многу едноставно се приоѓа кон заштитата на културните добра во депоата, сметајќи дека лесно е справувањето со некоја опасност. Но, без претходно изградена стратегија и без подготвени планови, кои ќе се ажурираат секоја година, загубите при контакт на културните добра со некоја опасност ќе бидат големи.

**Заклучок**

Главната цел на процената на ризикот е да се предвиди степенот на интензитетот на штетата преку формулата: **Ризик** = **појава на опасноста** + **последици**. Тоа ќе овозможи навреме преземање мерки за елиминирање или намалување на опасноста. Анализите на ризиците не по туку пред катастрофи ќе овозможат да се зацврсти претпазливоста во процесите на заштитата. Континуираната контрола и мониторинг на активностите ќе придонесат во идентификувањето на задолженијата и одговорноста во процесот на планирање на ризикот, почнувајќи од стратешки до оперативни нивоа.

Впрочем, изложената методологија може да се користи во заштитата на културните добра и во другите делови на музејот, не само во депоата. За надминување на постојните состојби неопходно е:

- менување на односот на институциите кон проблемот на депоата во музеите;
- под итно, решавањето на проблемот со депоата да биде приоритет во годишните програми на институциите;
- при изработката на стратегиите и плановите за заштита да се тргнува од напред предложената методологија;
- потребно е ургентно вежбање и повторно вежбање на персоналот;
- неопходно е финансиерот на музејската дејност како приоритет да го стави прашањето на депоата во музеите на Македонија.

**Литература**


1. Guidance on Heritage Impact Assessments for Cultural Worlf Heritage Properties. (ICCROM 2011).
2. Jutte, Bart: 10 Golden Rules of Projet Risk Management.
3. Kuzucuoglu, Alpaslan: Risk Management Strategy for Cultural Heritage. Ed. 2013.
4. Methodology and Didactic Tools for Re-Organizing Museum Storage (ICCROM 2009)
5. Michalski, Stefan: The Ideal Climate, Risk Management, the ASHRAE Charter, Proofed Fluctuations, and Toward a Full Risk Analysis Model. Tenerife 2007.
6. Teijgeler, Rene’: Heritage and Disaster. Istanbul 2007.

UDC 930.253:069.44 (497.7)

**Krste BOGOESKI**
Institute of Ethnology and Anthropology
UKIM, Faculty of Natural Sciences and Mathematics, Skopje

## METHODS FOR RISK ASSESSMENT OF CULTURAL HERITAGE IN THE MUSEUM DEPOS IN MACEDONIA

Abstract: This paper points out the importance of management with the depots of the, museums where the majority of movable cultural heritage of these institutions is situated, emphasizing the basic principles of a “good depot”. Taking into account the positive experiences related to the protection of cultural property in the museums throughout the world, the methodology of risk assessment is elaborated, which includes identification, analysis, evaluation, monitoring and response to risks. Based on these findings, a comparison is performed with the situation in the museums of Macedonia.

Key words: cultural heritage, risks, depots, museums, Macedonia, methods, assessment.

The Macedonian museums safeguard important cultural heritage, ranging from prehistory, antiquity, the middle Ages, the new century and the latest period to the present day. The preserved samples are representative of different cultural layers that existed in the past and today. Significant part of that legacy is communicated through permanent and temporary exhibitions. Still, it is known that the majority of this heritage, according to some findings over 70%, is stored in the depots of our museums. The activities of the museums should be directed towards research, collection work, study and presentation, but also to the protection and preservation in the exhibition space and storage areas. If we know that the majority of museum objects are in storage areas, then the attitude towards the state of depots should be intensified. For this purpose we impose more questions that require a response from those engaged in the protection of cultural heritage:

- Does the museum have established depots which can store museum objects?
- To which extent is the principle 1: 1: 1 for arranging exhibition space, working space and storage areas in a museum respected?
- To which extent is the Code of Professional Ethics in safeguarding the objects in depots respected?
- Is regular monitoring of the depots carried out?
- Is risk assessment to cultural goods stored in the museums performed?
- Are the humidity, light and UV radiation regularly measured?
- Is there a staff in charge of supervision, etc.)?
- Is there a strategy for the protection of cultural property in the depots?

Some authors believe that the depots are "the heart of a museum". If the heart, as the most important body part, requires special care, so do the depots and the contents within. In this regard the Code of professional deontology obliges management staff, institutions and professionals to act for application and respect of international standards. The items in depots, as well as in other parts of the museum, can be exposed to various risks to their physical properties, but also to their value. If we want to avoid or mitigate the consequences of certain risks, it is necessary to carry out an assessment of those risks. To talk about risk assessment in the depots of Macedonia, it is necessary to understand the views in the world on this issue. The basic principles for a good depot are:

- separate space for the collections;
- trained staff member;
- basic documentation;
- appropriate interior to accommodate the items;
- appropriate equipment for environmental control;
- built in system of housing and handling;
- building designed or adapted for the protection of collections.

The ratio of the space sizes of the exhibition space, working space and storage areas should be 1:1:1.

The space standards of the depots depend on the size of the museum. With a museum of more than 50.000 items, the depot department shall encompass eleven types of rooms, namely:

- for active collections in the depot;
- for inactive collections in the depot;
- for documentation;
- for photo documentation;

- for disinfection;
- for quarantine;
- for loading / unloading;
- for consultation;
- for non-collection items;
- for materials which are not part of the collections (packaging and transport, etc.);
- for offices.

For small museums the following rooms are necessary:

- for the collections in the depot;
- for an office;
- for materials which are not part of the collections

If there is insufficient space for depots at the museum, there is a practice of hiring adequate space outside the museum and sharing this space with other institutions, however in accordance with the safety standards, taking into account protection requirements, access to the collection and use.

In such premises one can talk about providing proper care for museum collections. Nevertheless there are various risks that may endanger and destroy the cultural and natural goods stored in museums.

The endangerment can be:

- nature-borne: earthquakes, floods, landslide, wind, biological (bacteria, fungi, animals), and others.
- man-borne: war, fire, pollution, civil revolt, terrorism, structural collapse, neglect, etc.



*Consequences of the earthquake in Skopje, 1963*



*Art pavilion in Skopje after the flood in 1962*

The risk is an inevitable part of individual and collective life of man. Risk is defined as the interaction between two factors as a feature of any danger or hazard. It can be expressed by the formula: risk = danger + vulnerability / capacity. A particular hazard can cause direct damage, indirect damage, damage to property that can be expressed in money and non-pecuniary damages, which cannot be quantified in money terms, eg., human losses.

**Methods for risk assessment**

Risk assessment is an integral part of the care of collections. It helps museums to set priorities for care and strategically invest in projects and infrastructure to protect their collections. Risk assessment is defined as a method for determining the probability of occurrence of the risk and damages caused by the phenomenon. Each risk requires appropriate risk management, which includes identification, assessment, evaluation and prioritization of risk. It allows institutions to plan a program that will minimize and control the probability of contact of the identified threat with the collections. The following fig. 1 presents the contents of the methodology of risk assessment.

**Fig. 1: Methodology for risk assessment**




The risk assessment in the museum can be done according to a predetermined procedure, according to which there is a need for a plan for decision-making and acting to mitigate or avoid the threat of danger.

The **risk identification** requires compilation of list of possible hazards for the cultural and natural goods in the depots. While preparing it, the history of the risks for the museum and society should be reviewed. For example: earthquake, landslide, fire, theft, vandalism, fraud, flood, roof leakage, sewage damage etc., pests such as rodents and insects, light and UV radiation, incorrect temperature, incorrect moisture, lack of staff, poor management in the depot etc.

The **risk analysis** implies investigation of the process of changes taking place; map of risk analysis with parameters of the modification periods is prepared; estimation of the potential hazards, applying quantitative and qualitative methodology in risk analysis. The quantitative methodology covers the frequency of occurrence of the hazard at certain intervals, while the qualitative methodology consists in displaying mathematical and statistical method, numerically representing the consequences of a hazard. In this procedure, it is

important to understand the correlation between the probability of occurrence of the risk and its consequences, and the possibilities for loss of value of cultural property.

**Risk evaluation** – to explain this procedure the categories probability of occurrence of risk and risk effect are used (Fig. 2). The focus is on the defined solutions for the risk of the previous methodological procedure. In that sense, solutions should be applied that involve the most precise steps to improve protection strategy. Controlled caution that will minimize exposure to risk is applied. At this stage the risks are prioritized, the standards are revised and the plans for action in emergencies are updated. So, as certain hazard is estimated, the plans for protection should include measures to eliminate or mitigate the consequences of this hazard.

**Fig. 2. Risk evaluation matrix**

| **Probability** | **Severity of the effect** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Extremely harmful | major | significant | insignificant |
| Frequent | High Never accepted | High Never accepted | High Never accepted | Medium Carefully accepted |
| Probable | High Never accepted | High Never accepted | Medium Carefully accepted | Medium Carefully accepted |
| Occasional | High Never accepted | Medium Carefully accepted | Medium Carefully accepted | Low Can be accepted |
| Rare | Medium Carefully accepted | Medium Carefully accepted | Low Can be accepted | Low Can be accepted |
| Very low | Medium Carefully accepted | Low Can be accepted | Low Can be accepted | Low Can be accepted |
| Improbable | Low Can be accepted | Low Can be accepted | Low Can be accepted | Low Can be accepted |

**Monitoring** - monitoring of the implementation of decisions taken in previous proceedings is the next procedure. The monitoring implies control activities related to the planned tasks for risk control.

**Response** – the final procedure is control of the readiness of staff for dealing with particular danger. A response to the perceived threat should follow, depending on the assessment of the severity of the risk, and the need for fast action.

***

If we reflect the above mentioned to our environment, several questions come to mind: What do the depots in the Macedonian museums look like? How does this heart beat in the museums of Macedonia?

To answer these questions it would be good to take a look at some of these photos of depots of some Macedonian museums.



*Water supply, sewage pipes and pipes of central heating*



*Many objects at small area*


*Space filled with objects*


*Pipes of central heating*



*Water leakage in the depot*

The depots are usually in basements, in spaces where pipes pass. Some of these rooms have improper humidity level (standard level is 40-60% throughout the year), others are with uncontrolled temperature (standard temperature is 16-25 $^{0}$C) and uncontrolled light and UV radiation, they lack measuring instruments, lack spatial conditions, they are crowded with objects, there is no staff in charge, or if there is one it is without adequate training, the premises are insufficiently secured from theft. The fact that should be of concern is that certain number of depots have no special strategy for action, and others have no plans for action nor in regular circumstances neither in emergencies. The museum collections in the depots are in serious risk. One gets the impression that the approach towards the protection of cultural property in the depots is quite easy, believing that it is easy to deal with certain danger. However, without a strategy or plans prepared in advance, which will be updated every year, losses of cultural objects due to certain hazard could be high.

## Conclusion

The main purpose of the risk assessment is to predict the degree of severity of the damage by the formula: Risk = danger + consequences. This will allow timely measures for elimination or mitigation of the hazard to be undertaken. Risk analysis before disaster, instead of analysis after disaster, would enable strengthening vigilance in the protection process. Continuous control and monitoring of the activities will contribute to the identification of responsibilities and accountability in the process of planning of the risk, ranging from strategic to operational levels.

After all, the presented methodology can be used in the protection of cultural property in other parts of the museum, not only in the depots. To overcome the existing situation it would be necessary:

- to change the attitude of the institutions to the problem of storage in museums;
- to prioritize the problem with the depots in the annual programs of the institutions;
- to prepare in advance the methodology while preparation of the strategies and plans for protection;
- to train and re-train the personnel;
- to prioritize the issue of storage in museums of Macedonia with the sources of funds.

**Bibliography**


1. Guidance on Heritage Impact Assessments for Cultural Worlf Heritage Properties. (ICCROM 2011).
2. Jutte B., 10 Golden Rules of Projet Risk Management.
3. Kuzucuoglu A., Risk Management Strategy for Cultural Heritage. Ed. 2013.
4. Methodology and Didactic Tools for Re-Organizing Museum Storage (ICCROM 2009).
5. Michalski S., The Ideal Climate, Risk Management, the ASHRAE Charter, Proofed Fluctuations, and Toward a Full Risk Analysis Model. Tenerife 2007.
6. Teijgeler R., Heritage and Disaster. Istanbul 2007.